**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**на Македонската берза АД Скопје за 2005 година**

**Скопје, Февруари 2006 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје во 2005 година, ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеле на работењето на Берзата во 2005 година, основните карактеристики на берзанското работење и остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, котацијата и членството, преземените активности за промоција на Берзата и активностите за едукација на поширокатa јавност, нормативните активности, меѓународна соработка, како и извештај за финансиското работење на Берзата по годишната сметка за 2005 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2005 година работењето на Берзата го детерминираа повеќе фактори, кои воглавно имаа позитивно влијание врз функционирањето на организираниот секундарен пазар на хартии од вредност во Република Македонија. Притоа, се оценува дека особено треба да се апострофира влијанието на следните главни фактори и околности кои го креираа деловното окружување за работа на Берзата во 2005 година:

- Значајно зголемена транспарентност во финансиското работење на котираните компании на Берзата, како последица на промената на Правилникот за котација кон крајот на 2004 г. (особено поради воведувањето на обврската за доставување на квартални тримесечни неревидирани биланси на успех од страна на котираните компании);
- Нагласен прилив на странски портфолио инвеститори (воглавно од регионот), што предизвика ново и пореално вреднување на пазарните цени на акциите на Берзата, зголемување на локалната побарувачка и прилагодување на другите пазарни учесници на новонастанатата ситуација;
- Перманентни прогнози/најави за стратешки превземања на дел од котираните компании;
- Започнатата реформа во пензискиот систем и антиципирањето и позиционирањето на домашните и странските инвеститори во очекување на официјалниот почеток со работа на приватните пензиски фондови;
- Голем број на котирани банки на Берзата во услови на нагласена раздвиженост во банкарскиот сектор;
- Нагласено консолидирање на сопственичките структури во компаниите;
- Максимално атрактивен даночен амбиент за функционирање на пазарот (при што, воедно, инвеститорите во континуитет очекуваа дали важењето на даночните бенефиции ќе продолжи и во 2006 година);
- Започнат процес на интеграција на Република Македонија во Европската Унија и добивање на статусот земја Ђ кандидат;
- Позитивни очекувања и на домашните и на странските инвеститори;
- Ниска инфлација;
- Стабилен девизен курс;
- Релативно поволно економско, политичко и безбедносно окружување;
- Функционална институционална инфраструктура;

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### *3.1. Основни карактеристики*

Основни карактеристики на тргувањето во 2005 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2005 година изнесуваше 8.889.567.513 денари (околу 145 милиони евра), што е за 6,90 % повеќе во споредба со 2004 година;
- Остварениот промет на вредовнотог тргување во 2005 година изнесуваше 6.701.682.415 денари[1] (околу 109,3 милиони евра), што е за 143,52% повеќе во споредба со 2004 година;
- Прометот остварен со акции (Официјален и Неофицијален Пазар) во 2005 година изнесуваше 4.625.430.914 денари (околу 75,4 милиони евра), што е за 262,20% повеќе во споредба со 2004 година;
- Во 2005 година е остварен промет со обврзници од 2.076.251.501 денари (околу 33,8 милиони евра), што е за 42,30% повеќе во споредба со 2004 година;
- Во 2005 година реализирани се продажби на акции и удели во сопственост на државата во 41 друштво во вкупна вредност од 443.607.845 денари (околу 7,2 милиони евра), што е за 12,20% повеќе во споредба со 2004 година;
- Во 2005 година на Берзата се пријавени 85 блок трансакции во вкупна вредност од 1.744.277.253 денари (околу 28,4 милиони евра), што е за 66,25 % помалку во споредба со 2004 година;
- Во структурата на прометот доминира Официјалниот пазар со 69,74% учество во вкупниот промет на Берзата во 2005 година;
- На крајот на 2005 година на котација на Официјалниот пазар имаше акции на 57 друштва;
- Пазарната капитализација на котираните акции достигна 33.1 милијарди денари (542 милиони евра) и бележи пораст од 78.18%, додека пазарната капитализација на обврзниците достигна 23.9 милијарди денари што претставува пораст од 12,66% во споредба со 2004 година;
- Во периодот од Април до Декември 2005 година, учеството на странските инвеститори во вкупниот промет остварен на Берзата од куповна страна изнесуваше 1.942.457.344 денари (32,65%), додека учеството на странските инвеститори во вкупниот промет остварен на Берзата од продажна страна изнесуваше 594.803.227 денари (10,00%).

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2005 и 2004 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2005 година и Јануари-Декември 2004 година, како и структурата на прометот остварен во 2005 година.

[1]При пресметување на "редовното тргување" на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции (државниот сегмент) и пријавените блок трансакциите.

| | Јануари-Декември 2004 | Јануари-Декември 2005 | % ПРОМЕНА |
|---|---|---|---|
| **ПРОМЕТ (денари)** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **2.751.993.710** | **6.701.682.415** | ▲143,52% |
| АКЦИИ | 1.276.953.888 | 4.625.430.914 | ▲262,22% |
| ОБВРЗНИЦИ | 1.459.095.309 | 2.076.251.501 | ▲42,30% |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари)*** | ***13.691.511*** | ***33.341.704*** | ▲143,52% |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ*** | ***86*** | ***159*** | ▲84,88% |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **5.168.491.102** | **1.744.277.253** | ▼66,25% |
| **ДРЖАВЕН СЕГМЕНТ** | **395.368.414** | **443.607.845** | ▲12,20% |
| АКЦИИ | 372.196.035 | 35.672.350 | ▼90,42% |
| УДЕЛИ | 23.172.379 | 407.935.495 | ▲1.660,44% |
| **ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | 15.944.513 | 0 | / |
| **ВКУПНО** | **8.315.853.226** | **8.889.567.513** | ▲6,90% |
| **ОБЕМ (хартии од вредност)** | | | |
| **АКЦИИ** | **38.120.235** | **5.713.115** | ▼85,01% |
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | 3.894.124 | 3.624.722 | ▼6,92% |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 28.440.076 | 2.071.677 | ▼92,72% |
| ДРЖАВЕН СЕГМЕНТ | 5.786.035 | 16.716 | ▼99,71% |
| **ОБВРЗНИЦИ (НВ во ЕУР)** | **35.862.387** | **49.639.174** | ▲38,42% |
| **ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (НВ во МКД)** | **83.584.354** | **0** | / |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **17.128** | **31.985** | ▲86,74% |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **107** | **85** | ▼20,56% |
| **ДРЖАВЕН СЕГМЕНТ** | **87** | **41** | ▼52,87% |
| **ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **206** | **0** | / |
| **ВКУПНО** | **17.528** | **32.111** | ▲83,20% |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА ( денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **33.140.164.527** | **50.425.546.869** | ▲52,16% |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | **18.616.063.852** | **33.171.013.757** | ▲78,18% |
| ПАЗАР НА ЈАВНО ПОСЕДУВАНИ ДРУШТВА | **14.524.100.675** | **17.254.533.112** | ▲18,80% |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **21.278.693.850** | **23.972.382.237** | ▲12,66% |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **54.418.858.377** | **74.397.929.106** | ▲36,71% |
| **МБИ (Јануари-Декември 2004) МБИ-10 ( Јануари-Декември 2005)** | **1.351,63** | **2.292,04** | - |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **68** | **57** | ▼16,18% |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **201** | **201** | - |

**Структура на прометот во периодот Јануари-Декември 2005 год.**

| Пазарен сегмент | Промет во денари | Промет во ЕВРА | % | Број на транс. |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **6.199.323.926** | **101.137.671** | **69,74** | **29.225** |
| **НЕОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **502.358.489** | **8.200.942** | **5,65** | **2.760** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **1.744.277.253** | **28.433.665** | **19,62** | **85** |
| **ДРЖАВЕН СЕГМЕНТ** | **443.607.845** | **7.231.033** | **4,99** | **41** |
| **ВКУПНО** | **8.889.567.513** | **145.003.311** | **100,00** | **32.111** |



*3.2. Анализа на остварениот промет во редовното тргување*

Во текот на 2005 година на Берзата е остварен промет на "редовното" тргување од 6.701.682.415 денари (околу 109,3 милиони евра).

- со акции се склучени вкупно 21.611 трансакции, при што се истргувани 3.624.722 акции, во вкупна вредност од 4.625.430.914 денари (75,5 милиони ЕВРА) и тоа:

| Опис | Количина | Вредност | Промет во ЕВРА | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| Официјален Пазар | 2.534.532 | 4.123.072.425 | 67.269.113 | 18.851 |
| Неофицијален Пазар | 1.090.190 | 502.358.489 | 8.200.942 | 2.760 |
| **Вкупно** | **3.624.722** | **4.625.430.914** | **75.470.055** | **21.611** |

- со обврзници се склучени 10.374 трансакции, при што се истргувани обврзници во вкупна номинална вредност од 49.639.174 ЕВРА со вкупен промет од 2.076.251.501 денари (33,8 милиони ЕВРА) и тоа:

| Опис на хв | Шифра | НВ во ЕВРА | Вредност | Промет во ЕВРА | Број на трансакции | Број на денови на тргување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. Македонија – девизни влогови | РМ01 | 5.824.936 | 273.112.475 | 4.456.228 | 3.029 | 196 |
| Р.Македонија - денационализација 01 | РМДЕН01 | 95.168 | 4.274.552 | 69.757 | 24 | 21 |
| Р.Македонија - денационализација 02 | РМДЕН02 | 2.880.399 | 129.097.366 | 2.106.357 | 330 | 130 |
| Р.Македонија - денационализација 03 | РМДЕН03 | 7.381.260 | 317.842.605 | 5.183.763 | 1.404 | 184 |
| Р.Македонија - денационализација 04 | РМДЕН04 | 33.457.411 | 1.351.924.503 | 22.052.453 | 5.587 | 164 |
| **Вкупно** | | **49.639.174** | **2.076.251.501** | **33.868.557** | **10.374** | |

Просечниот дневен промет на Берзата во 2005 година изнесуваше 33,3 милиони денари (околу 544 илјади ЕВРА). Просечно дневно се склучуваа 159 трансакции. Просечниот дневен промет на Берзата во 2005 година остварен на Официјалниот Пазар изнесуваше 30,8 милиони денари (20,5 милиони денари е просечниот дневен промет со акции и 10,3 милиони денари е просечниот дневен промет со обврзници), додека просечниот дневен промет на Берзата во 2005 година остварен на Неофицијалниот Пазар изнесуваше 2,5 милиони денари.

Исто така, за подобро согледување на остварените резултати од "редовното" тргување на Берзата во 2005 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2005 година.

## Промет од “редовното” тргување по месеци во 2005 година

| Месец | Официјален пазар | | Неофициј. Пазар | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на транс. | Бр. на ден. на тргув. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | | | | |
| Јануари | 131.632.640 | 71.824.528 | 12.602.415 | 216.059.583 | 3.516.195 | 1.168 | 16 |
| Февруари | 276.550.617 | 74.557.116 | 9.874.934 | 360.982.667 | 5.882.598 | 1.923 | 16 |
| Март | 711.664.091 | 408.400.539 | 69.190.215 | 1.189.254.845 | 19.364.300 | 4.471 | 19 |
| **Вкуп. I квартал** | **1.119.847.348** | **554.782.183** | **91.667.564** | **1.766.297.095** | **28.763.093** | **7.562** | **51** |
| Април | 450.189.965 | 235.310.977 | 20.633.115 | 706.134.057 | 11.502.378 | 3.311 | 16 |
| Мај | 177.109.819 | 136.913.510 | 28.272.534 | 342.295.863 | 5.572.995 | 2.296 | 16 |
| Јуни | 159.254.065 | 152.237.232 | 17.729.754 | 329.221.051 | 5.368.178 | 2.453 | 18 |
| **Вкуп. II квартал** | **786.553.849** | **524.461.719** | **66.635.403** | **1.377.650.971** | **22.443.551** | **8.060** | **50** |
| Јули | 245.880.954 | 111.896.291 | 47.970.431 | 405.747.676 | 6.631.135 | 1.799 | 16 |
| Август | 253.190.315 | 93.972.144 | 29.312.225 | 376.474.684 | 6.148.398 | 2.001 | 17 |
| Септември | 359.718.309 | 160.411.945 | 46.373.009 | 566.503.263 | 9.251.726 | 2.848 | 16 |
| **Вкуп. III квартал** | **858.789.578** | **366.280.380** | **123.655.665** | **1.348.725.623** | **22.031.259** | **6.648** | **49** |
| Октомври | 463.406.453 | 97.230.029 | 118.486.450 | 679.122.932 | 11.098.889 | 3.171 | 16 |
| Ноември | 354.086.407 | 251.515.430 | 75.382.459 | 680.984.296 | 11.130.992 | 3.171 | 18 |
| Декември | 540.388.790 | 281.981.760 | 26.530.948 | 848.901.498 | 13.870.827 | 3.373 | 17 |
| **Вкуп. IV квартал** | **1.357.881.650** | **630.727.219** | **220.399.857** | **2.209.008.726** | **36.100.708** | **9.715** | **51** |
| **ВКУПНО** | **4.123.072.425** | **2.076.251.501** | **502.358.489** | **6.701.682.415** | **109.338.611** | **31.985** | **201** |




### *<u>3.3. Структура на редовниот промет по пазарни сегменти</u>*

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2005 година (6.199 милиони денари) е остварен преку 29.225 трансакции и учествува во вкупниот берзански промет со 92,5% што претставува доминантно учество во вкупниот промет на Берзата. Од тоа, 4.123 милиони денари отпаѓаат на тргувањето со акции (66,5%) при што се склучени 18.851 трансакција, додека прометот со обврзници изнесува 2.076 милиони денари (33,5%) и истиот е остварен преку 10.374 трансакции.

Остварениот промет на Неофицијалниот пазар на Берзата (502,3 милиони денари) учествува во вкупниот промет во 2005 година со 7,5% и 2.760 трансакции. Од тоа,

238,4 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на пазарот на јавно поседувани друштва (47,5%) и овој промет е остварен преку 2.205 трансакции, додека на слободниот пазар се остварени 263,9 милиони денари (52,5%) преку 555 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2005 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА ПРОМЕТОТ ВО 2005 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРО) | % | Број на трансакции | Обем |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | | |
| ***АКЦИИ*** | ***4.123.072.425*** | ***67.269.113*** | ***66,5*** | ***18.851*** | ***2.534.532*** |
| обични | 3.936.743.645 | 64.230.634 | 95,5 | 17.676 | 2.433.305 |
| приоритетни | 186.328.780 | 3.038.479 | 4,5 | 1.175 | 101.227 |
| ***ОБВРЗНИЦИ*** | ***2.076.251.501*** | ***33.868.557*** | ***33,5*** | ***10.374*** | ***49.639.174*** |
| РМ01 | 273.112.475 | 4.456.228 | 13,2 | 3.029 | 5.824.936 |
| РМДЕН01 | 4.274.552 | 69.757 | 0,2 | 24 | 95.168 |
| РМДЕН02 | 129.097.366 | 2.106.357 | 6,2 | 330 | 2.880.399 |
| РМДЕН03 | 317.842.605 | 5.183.763 | 15,3 | 1.404 | 7.381.260 |
| РМДЕН04 | 1.351.924.503 | 22.052.453 | 65,1 | 5.587 | 33.457.411 |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **6.199.323.926** | **101.137.670** | **92,5** | **29.225** | |
| **НЕОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | | |
| ***АКЦИИ*** | ***502.358.489*** | ***8.200.942*** | ***100,0*** | ***2.760*** | ***1.090.190*** |
| ***пазар на јавно поседувани друштва*** | ***238.453.463*** | ***3.921.028*** | ***47,5*** | ***2.205*** | ***713.891*** |
| обични | 217.776.512 | 3.583.234 | 91,3 | 1.721 | 678.003 |
| приоритетни | 20.676.951 | 337.794 | 8,7 | 484 | 35.888 |
| ***слободен пазар*** | ***263.905.026*** | ***4.279.914*** | ***52,5*** | ***555*** | ***376.299*** |
| обични | 263.905.026 | 4.279.914 | 100,0 | 555 | 376.299 |
| **ВКУПНО НЕОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **502.358.489** | **8.200.942** | **7,5** | **2.760** | |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **6.701.682.415** | **109.338.611** | **100,0** | **31.985** | |







## 3.4. Блок трансакции

Во текот на 2005 година на Берзата беа пријавени 85 блок трансакции во вкупна вредност од 1.744.277.253 денари (околу 28,4 милиони ЕВРА) што претставува намалување од 66,2% во споредба со 2004 година, при што се истргуваа 2.071.677 акции од 36 акционерски друштва.

На Официјалниот пазар на Берзата реализирани се 49 блок трансакции во вкупна вредност од 618 милиони денари (10 милиони ЕВРА) што претставува 35,4% од прометот остварен преку блок трансакции, при што се истргувани 1.360.249 акции од 17 акционерски друштва.

| Издавач | Блок трансакции остварени на Официјален Пазар | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Количина | Вредност | Промет во ЕВРА | Број на трансакции |
| Благој Ѓорев Велес | 3.501 | 5.002.929 | 81.621 | 1 |
| Европа Скопје | 3.789 | 5.039.370 | 82.301 | 1 |
| Град. институт Македонија Скопје | 1.000 | 5.100.000 | 83.285 | 1 |
| Жито Вардар Велес | 7.710 | 5.319.900 | 86.794 | 1 |
| Реплек Скопје | 286 | 5.434.000 | 88.803 | 1 |
| Агроплод Ресен | 503 | 7.545.000 | 123.301 | 1 |
| Скопски Пазар Скопје | 1.900 | 11.843.290 | 193.569 | 2 |
| Карпош Скопје | 2.954 | 14.179.200 | 231.655 | 1 |
| Витаминка Прилеп | 6.753 | 16.754.850 | 273.432 | 2 |
| Фершпед Скопје | 716 | 21.839.800 | 356.858 | 4 |
| Тетекс-Кредитна банка Скопје | 14.300 | 31.012.467 | 506.706 | 3 |
| Охридска банка Охрид | 9.055 | 37.144.800 | 606.397 | 3 |
| РЖ Макстил Скопје | 1.169.836 | 48.548.194 | 792.909 | 2 |
| Макпетрол Скопје | 3.251 | 48.765.000 | 796.413 | 1 |
| Алкалоид Скопје | 20.891 | 55.196.035 | 900.385 | 7 |
| Инвестбанка Скопје | 55.467 | 131.072.270 | 2.141.356 | 10 |
| Комерцијална банка Скопје | 58.337 | 168.445.500 | 2.750.358 | 8 |
| **ВКУПНО** | **1.360.249** | **618.242.605** | **10.096.144** | **49** |

На Неофицијалниот пазар на Берзата реализирани се 36 блок трансакции во вкупна вредност од 1.126 милиони денари (18 милиони ЕВРА) што претставува 64,6% од прометот остварен преку блок трансакции, при што се истргувани 711.428 акции од 19 акционерски друштва.

| Издавач | Блок трансакции остверени на Неофицијален Пазар | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Количина | Вредност | Промет во ЕВРА | Број на трансакции |
| Краиште –Тиквеш Кавадарци | 10.552 | 5.001.648 | 81.602 | 1 |
| Цементарница УСЈЕ Скопје | 1.340 | 5.047.780 | 82.434 | 1 |
| Слобода Охрид | 25.894 | 5.178.800 | 84.291 | 1 |
| Агромеханика Скопје | 1.981 | 6.887.937 | 112.596 | 1 |
| Лозар-Пелистерка Скопје | 1.291 | 7.978.380 | 129.569 | 1 |
| ХУД Црвена Звезда Кичево | 36.668 | 9.174.700 | 149.989 | 1 |
| Еленица Струмица | 11.274 | 10.000.038 | 163.040 | 1 |
| Оранжерии Хамзали Струмица | 274.819 | 10.003.412 | 163.194 | 1 |
| БИМ Свети Николе | 2.133 | 10.664.700 | 174.064 | 2 |
| Извозно и кредитна банка Скопје | 1.620 | 11.284.000 | 184.165 | 2 |
| Современ дом Прилеп | 21.190 | 14.833.000 | 242.479 | 2 |
| Тутунска банка Скопје | 5.422 | 15.648.651 | 254.673 | 1 |
| Алгрета Ресен | 6.398 | 19.657.855 | 321.281 | 1 |
| Вин. визба Повардарие Неготино | 15.086 | 26.083.694 | 425.548 | 1 |
| АДГ Пелагонија Скопје | 33.189 | 26.551.200 | 432.211 | 5 |
| МЗТ Леарница Скопје | 52.776 | 36.000.094 | 586.814 | 1 |
| Табак осигур. и реосигур. Скопје | 2.154 | 63.990.547 | 1.042.778 | 7 |
| Жито Струмица Струмица | 57.641 | 184.047.713 | 2.997.046 | 5 |
| Фени индустрија Кавадарци | 150.000 | 658.000.500 | 10.709.748 | 1 |
| **ВКУПНО** | **711.428** | **1.126.034.649** | **18.337.521** | **36** |

Во продолжение го презентираме прегледот на пријавените блок трансакции по месеци во 2005 година.

| Месец | ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | | | НЕОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. |
| Јануари | 0 | 0 | 0 | 671.157.680 | 10.923.609 | 3 | 671.157.680 | 10.923.609 | 3 |
| Февруари | 47.163.560 | 767.955 | 3 | 72.930.842 | 1.188.778 | 5 | 120.094.402 | 1.956.733 | 8 |
| Март | 5.002.929 | 81.621 | 1 | 95.528.045 | 1.556.132 | 9 | 100.530.974 | 1.637.753 | 10 |
| Април | 27.918.000 | 454.729 | 2 | 0 | 0 | 0 | 27.918.000 | 454.729 | 2 |
| Мај | 0 | 0 | 0 | 190.321.113 | 3.099.292 | 6 | 190.321.113 | 3.099.292 | 6 |
| Јуни | 38.466.620 | 627.322 | 3 | 11.984.740 | 195.191 | 2 | 50.451.360 | 822.512 | 5 |
| Јули | 75.804.370 | 1.238.400 | 3 | 12.076.107 | 197.277 | 2 | 87.880.477 | 1.435.677 | 5 |
| Август | 33.026.300 | 539.059 | 2 | 24.659.503 | 402.883 | 2 | 57.685.803 | 941.942 | 4 |
| Септември | 5.016.000 | 81.932 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5.016.000 | 81.932 | 1 |
| Октомври | 53.960.474 | 881.920 | 6 | 5.047.780 | 82.434 | 1 | 59.008.254 | 964.354 | 7 |
| Ноември | 164.533.765 | 2.688.289 | 17 | 24.007.700 | 392.468 | 3 | 188.541.465 | 3.080.757 | 20 |
| Декември | 167.350.587 | 2.734.916 | 11 | 18.321.137 | 299.459 | 3 | 185.671.724 | 3.034.375 | 14 |
| **ВКУПНО** | **618.242.605** | **10.096.144** | **49** | **1.126.034.647** | **18.337.521** | **36** | **1.744.277.252** | **28.433.665** | **85** |

*3.5. Јавни берзански аукции*

Во текот на 2005 година на Берзата се одржа 41 јавна берзанска аукција во вкупна вредност од 443.607.845 денари (околу 7,2 милиони ЕВРА) што претставува зголемување од 12,2% во споредба со 2004 година. Притоа, со акции се склучија 8 трансакции (сите на сесија 1-плаќање во готовина) во вкупна вредност од 35.672.350 милиони денари (582 илјади ЕВРА).

| Опис на хв | Јавни берзански аукции-акции | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Количина** | **Вредност** | **Промет во ЕВРА** | **Број на трансакции** |
| Реплек Скопје | 815 | 14.760.465 | 241.263 | 1 |
| Југотутун Неготино | 130 | 203.580 | 3.324 | 1 |
| Тетовска Банка Тетово | 10.661 | 13.432.860 | 219.334 | 1 |
| Евротекс Скопје | 1.640 | 2.510.840 | 41.006 | 1 |
| Козјак Куманово | 851 | 667.184 | 10.894 | 1 |
| Брик Берово | 935 | 1.462.340 | 23.902 | 1 |
| Алгрета Ресен | 1.249 | 1.953.436 | 31.929 | 1 |
| Венец Долни Дисан | 435 | 681.645 | 11.123 | 1 |
| **Вкупно** | **16.716** | **35.672.350** | **582.776** | **8** |

Со удели се склучија 33 трансакции (сите на сесија 1-плаќање во готовина) во вкупна вредност од 407.935.495 милиони денари (6,6 милиони ЕВРА)

| Опис на хв | Јавни берзански аукции-удели | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Количина | Вредност | Промет во ЕВРА | Број на трансакции |
| Брани-пром Струмица | 1 | 27.042 | 442 | 1 |
| Градска аптека Центар Куманово | 1 | 31.354.100 | 511.490 | 1 |
| Аптека 11-ти Септември Струмица | 1 | 26.055.262 | 425.049 | 1 |
| Аптека 30-ти Ноември Дебар | 1 | 17.809.625 | 290.023 | 1 |
| Габер-пром Струмица | 1 | 30.437 | 498 | 1 |
| Фасттрејд Струмица | 1 | 30.437 | 498 | 1 |
| Аптека Кочани | 1 | 30.741.408 | 500.488 | 1 |
| Градска аптека Радовиш | 1 | 13.411.110 | 218.780 | 1 |
| Аптека Охрид | 1 | 19.219.361 | 312.902 | 1 |
| Градска Аптека 16-ти Јуни Кавадарци | 1 | 28.453.995 | 463.362 | 1 |
| Аптека Македонски Брод | 1 | 3.932.601 | 64.025 | 1 |
| 3-та Градска аптека Штип | 1 | 31.357.822 | 511.551 | 1 |
| Аптека 1 Прилеп | 1 | 29.521.752 | 481.599 | 1 |
| Градска Аптека 8-ми Март Делчево | 1 | 1.476.364 | 24.042 | 1 |
| Каргоинспект Скопје | 1 | 1.675.768 | 27.391 | 1 |
| Сневел Струмица | 1 | 30.437 | 498 | 1 |
| Аптека Демир Хисар | 1 | 2.079.255 | 33.920 | 1 |
| Виго С Струмица | 1 | 30.437 | 498 | 1 |
| Техномонтажа Струмица | 1 | 310.280 | 5.054 | 1 |
| Агропрес Струмица | 1 | 30.437 | 498 | 1 |
| Оџаков - компани Струмица | 1 | 165.675 | 2.708 | 1 |
| Аптека Крушево | 1 | 7.538.613 | 122.980 | 1 |
| Градска Аптека 7-ми Ноември Гевгелија | 1 | 26.075.030 | 424.622 | 1 |
| Аптека 9-ти Ноември Велес | 1 | 48.966.550 | 797.401 | 1 |
| Лола Промет Струмица | 1 | 30.437 | 498 | 1 |
| Аптека Кичево | 1 | 14.617.047 | 237.974 | 1 |
| Аптека Свети Ѓорѓи Кратово | 1 | 6.043.824 | 98.595 | 1 |
| Обнова Прилеп | 1 | 412.229 | 6.731 | 1 |
| Аптека Струга | 1 | 25.677.401 | 418.043 | 1 |
| Аптека 4-ти Ноември Битола | 1 | 27.958.380 | 456.095 | 1 |
| Аптека Плоштад Илинден С.Николе | 1 | 11.823.706 | 192.884 | 1 |
| Подомонт Скопје | 1 | 1.021.632 | 16.682 | 1 |
| Вреж Струмица | 1 | 27.042 | 442 | 1 |
| **Вкупно** | **33** | **407.935.495** | **6.648.257** | **33** |

### *3.6. Македонски Берзански Индекс – МБИ-10*

На последниот ден на тргување во 2005 година вредноста на индексот МБИ-10 изнесуваше 2.292,04 индексни поени, што значи зголемување од 129,2% во споредба со почетната вредност на индексот на почетокот на годината кога МБИ-10 изнесуваше 1.000,00 индексни поени. Највисока вредност на МБИ-10 во 2005 година беше постигната на 30.09.2005 година (2.577,15 индексни поени), додека најниска вредност на индексот беше забележана на 04.01.2005 година (1.005,64 индексни поени).

Согласно Методологијата за пресметување на МБИ-10 во Јуни и во Декември 2005 година се изврши редовна ревизија на индексот. Со ревизијата на индексот од Декември 2005 година, а според критериумите за избор на акции за вклучување во индексот наведени во Методологијата, акциите издадени од Скопски пазар АД Скопје се исклучени од составот на МБИ-10, а акциите издадени од Фершпед АД

Скопје се вклучени во состав на МБИ-10. Според тоа, на крајот на 2005 година во МБИ-10 беа вклучени следните обични акции: Алкалоид АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Гранит АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Европа АД Скопје, Охридска банка АД Охрид и Фершпед АД Скопје.

**Движење на МБИ-10 во 2005 година**




Во продолжение ги презентираме графиците на движење на цените на акциите кои го сочинуваат индексот МБИ-10.






























## *3.7. Странски инвеститори*

Со оглед на зголеменото учество на странските инвеститори во вкупниот промет на Берзата во првиот квартал од 2005 година, а согласно податоците добиени врз основа на Договорот за меѓусебна соработка со Централниот депозитар за хартии од вредност, во периодот од Април до крајот на 2005 година учеството на странските инвеститори во вкупниот промет на Берзата изнесуваше 2.537.260.571 денари (42,65%), при што од куповна страна учеството беше со 32,65%, а од продажна страна со 10,00%. Најголемо учество на странските инвеститори во вкупниот промет на Берзата беше забележано во месец Декември (и од куповна и од продажна страна).

За подобро согледување на активноста на странските инвеститори во тргувањето на Берзата во периодот Април-Декември 2005 година, во продолжение презентираме табеларен приказ на нивното учество во вкупниот промет по месеци во 2005 година.

**Учество на странските инвеститори во вкупниот промет остварен на Берзата во 2005 година**

| | КУПУВАЊЕ | % на учество | ПРОДАВАЊЕ | % на учество | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **АПРИЛ** | 237.720.816 | 32,38% | 67.668.356 | 9,22% | **305.389.172** |
| **МАЈ** | 119.698.976 | 18,27% | 28.565.273 | 4,36% | **148.264.249** |
| **ЈУНИ** | 178.566.406 | 46,71% | 25.192.734 | 6,59% | **203.759.140** |
| **ЈУЛИ** | 133.018.767 | 26,91% | 49.183.825 | 9,95% | **182.202.592** |
| **АВГУСТ** | 189.293.972 | 43,60% | 60.478.556 | 13,93% | **249.772.528** |
| **СЕПТЕМВРИ** | 99.483.224 | 16,74% | 84.091.256 | 14,15% | **183.574.480** |
| **ОКТОМВРИ** | 134.635.128 | 18,24% | 46.945.143 | 6,36% | **181.580.271** |
| **НОЕМВРИ** | 401.807.854 | 46,21% | 114.777.400 | 13,20% | **516.585.254** |
| **ДЕКЕМВРИ** | 448.232.201 | 42,77% | 117.900.684 | 11,25% | **566.132.885** |
| **ВКУПНО** | **1.942.457.344** | **32,65%** | **594.803.227** | **10,00%** | **2.537.260.571** |

Во продолжение следи табеларниот приказ на учеството на странските инвеститори во вкупната главнина на котираните компании-составен дел на МБИ-10 на почетокот и на крајот од 2005 година.

| Друштво | Учество на странски инвеститори во Јануари 2005 | Учество на странски инвеститори во Декември 2005 | Промена |
|---|---|---|---|
| Алкалоид Скопје | 2,16% | 6,96% | 4,80% |
| Гранит Скопје | 1,75% | 5,53% | 3,78% |
| Европа Скопје | 5,39% | 10,89% | 5,50% |
| Комерцијална банка Скопје | 11,87% | 22,59% | 10,72% |
| Македонијатурист Скопје | 1,07% | 2,87% | 1,80% |
| Макпетрол Скопје | 0,69% | 2,25% | 1,56% |
| Охридска банка Охрид | 0,00% | 13,32% | 13,32% |
| Стопанска банка Битола | 0,19% | 9,38% | 9,19% |
| Топлификација Скопје | 17,69% | 23,62% | 5,93% |
| Фершпед Скопје | 0,00% | 1,69% | 1,69% |

Исто така, го прикажуваме и учеството на странските инвеститори во Официјалниот Пазар на Берзата во Декември 2005 година.

| | Странски правни лица Декември 2005 | Странски физички лица Декември 2005 |
|---|---|---|
| Акции | 14,68% | 0,90% |
| Обврзници | 5,63% | 5,17% |
| **Вкупно Официјален пазар** | **11,36%** | **2,47%** |

*3.8. Најликвидни хартии од вредност*

Во 2005 година најликвидна обврзница на Берзата беше државната обврзница за старо девизно штедење РМ01, која од вкупно одржани 201 ден на тргување во 2005 година се тргуваше на 196 дена (обврзницата за старо девизно штедење РМ01 се тргуваше на сите берзански денови на тргување, освен во деновите од 29-ти до 31-ви Март и 28-ми и 29-ти Септември кога тргувањето беше времено прекинато заради исплата на каматата).

Најликвидни 10 котирани акции во редовното тргување на Берзата во 2005 година беа акциите на следните котирани друштва на Официјалниот пазар на Берзата:

| Котирано друштво | Број на денови на тргување | Промет во денари | Учество во вкупниот промет на Официјалниот пазар на Берзата со акции (%) |
|---|---|---|---|
| Алкалоид Скопје | 201 | 764.714.806 | 18,55% |
| Комерцијална банка Скопје | 197 | 1.377.574.738 | 33,41% |
| Гранит Скопје | 191 | 252.793.730 | 6,13% |
| Топлификација Скопје | 187 | 388.672.101 | 9,43% |
| Макпетрол Скопје | 176 | 166.828.702 | 4,05% |
| РЖ Услуги Скопје | 161 | 7.219.179 | 0,18% |
| Стопанска банка Битола | 159 | 332.925.786 | 8,07% |
| Бетон Скопје | 135 | 20.134.824 | 0,49% |
| Македонијатурист Скопје | 130 | 77.774.135 | 1,89% |
| Европа Скопје | 125 | 48.579.723 | 1,18% |
| ОСТАНАТИ | | 685.854.701 | 16,63% |
| **ВКУПНО** | | **4.123.072.425** | **100,00%** |

*3.9. Структура на прометот по членки- редовно тргување*

Остварениот берзански промет во 2005 година е реализиран преку активностите на 15 членки на Берзата.

Најголемо учество во промет изразен во денари во тргувањето на Берзата со обврзници оствари членката Тутунскаброкер АД Скопје со учество од 25,1%, додека најголемо учество во тргувањето на Берзата со акции оствари членката Комерцијална Банка АД Скопје со учество од 34,9%.

Од аспект на учеството на членките во вкупниот број склучени трансакции на Берзата (акции и обврзници), најголем број трансакции изврши Комерцијална Банка АД Скопје со учество од 23,9% (обврзници) и 28,8% (акции).

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во денари и бројот на склучени трансакции. Податоците се базираат врз двојно пресметување, и при купување и при продавање, со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции.

**Учество на членките на Берзата во реализираниот промет и трансакции во 2005 година**

| | Обврзници | | | | Акции | | | | Вкупно | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Член ка | Промет во денари | %пром. | Број на транс. | % Број на транс. | Промет во денари | %пром. | Број на транс. | % Број на транс. | Промет во денари | %пром. | Број на транс. | % Број на транс. |
| КБ | 909.716.649 | 21,9 | 4.961 | 23,9 | 3.227.619.083 | 34,9 | 12.467 | 28,8 | 4.137.335.732 | 30,9 | 17.428 | 27,2 |
| ТН | 1.041.451.456 | 25,1 | 3.635 | 17,5 | 1.223.108.732 | 13,2 | 4.454 | 10,3 | 2.264.560.188 | 16,9 | 8.089 | 12,6 |
| ТК | 172.298.662 | 4,2 | 832 | 4,0 | 1.149.203.484 | 12,4 | 5.353 | 12,4 | 1.321.502.146 | 9,9 | 6.185 | 9,7 |
| МИ | 317.548.100 | 7,7 | 932 | 4,5 | 729.697.942 | 7,9 | 3.440 | 8,0 | 1.047.246.042 | 7,8 | 4.372 | 6,8 |
| СБ | 455.436.627 | 11,0 | 2.819 | 13,6 | 437.395.336 | 4,7 | 2.696 | 6,2 | 892.831.963 | 6,7 | 5.515 | 8,6 |
| МК | 350.052.673 | 8,4 | 2.462 | 11,9 | 539.982.810 | 5,8 | 1.863 | 4,3 | 890.035.483 | 6,6 | 4.325 | 6,8 |
| ФР | 254.408.257 | 6,1 | 1.021 | 4,9 | 276.007.143 | 3,0 | 1.857 | 4,3 | 530.415.400 | 4,0 | 2.878 | 4,5 |
| СЛ | 156.588.004 | 3,8 | 902 | 4,4 | 307.544.021 | 3,3 | 3.414 | 7,9 | 464.132.025 | 3,5 | 4.316 | 6,7 |
| ИЛ | 13.353.425 | 0,3 | 43 | 0,2 | 341.765.917 | 3,7 | 957 | 2,2 | 355.119.342 | 2,6 | 1.000 | 1,6 |
| БЛ | 146.308.620 | 3,5 | 648 | 3,1 | 192.453.865 | 2,1 | 1.040 | 2,4 | 338.762.485 | 2,5 | 1.688 | 2,6 |
| БД | 52.615.148 | 1,3 | 428 | 2,1 | 259.108.366 | 2,8 | 2.389 | 5,5 | 311.723.514 | 2,3 | 2.817 | 4,4 |
| ББ | 102.856.139 | 2,5 | 944 | 4,6 | 208.570.664 | 2,3 | 955 | 2,2 | 311.426.803 | 2,3 | 1.899 | 3,0 |
| ОХ | 125.180.816 | 3,0 | 816 | 3,9 | 174.574.687 | 1,9 | 652 | 1,5 | 299.755.503 | 2,2 | 1.468 | 2,3 |
| ЕУ | 25.206.657 | 0,6 | 109 | 0,5 | 95.590.440 | 1,0 | 1.085 | 2,5 | 120.797.097 | 0,9 | 1.194 | 1,9 |
| ПТ | 29.481.768 | 0,7 | 196 | 0,9 | 88.239.338 | 1,0 | 600 | 1,4 | 117.721.106 | 0,9 | 796 | 1,2 |
| **Вкуп но** | **4.152.503.003** | **100, 0** | **20.748** | **100,0** | **9.250.861.828** | **100,0** | **43.222** | **100,0** | **13.403.364.831** | **100,0** | **63.970** | **100,0** |

# 4. КОТАЦИЈА

## *4.1. Пазарна капитализација*

На почетокот на 2005 година на официјалниот пазар на Берзата се котираа акциите на 68 акционерски друштва, со пазарна капитализација од 304,5 милиони евра, како и четири државни обврзници со пазарна капитализација од 346,7 милиони евра.

На крајот од 2005 година бројот на котирани друштва на официјалниот пазар на Берзата изнесуваше 57, со пазарна капитализација од 542 милиони евра, што претставува пораст од околу 78% при што треба да се има предвид фактот дека 11 друштва во текот на годината беа исклучени од котација. На крајот од 2005 година бројот на котирани државни обврзници изнесува 6, со пазарна капитализација од 391,7 милиони евра, што претставува пораст од околу 13%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети за обврзниците, како и двете нови котирани државни обврзници, од кои со една воопшто не беа склучени трансакции, поради што таа не учествува во пресметката на вкупната пазарна капитализација на котираните обврзници.

## *4.2. Нови котирани хартии од вредност*

Во Февруари 2005 година Република Македонија издаде нова, Четврта емисија на обврзници за денационализација, во вредност од 58.000.000 евра, кои од 09.03.2004 година беа котирани на официјалниот пазар на Македонската Берза.

Во Декември 2005 година Одборот на директори на Македонската берза донесе одлука за котација на Континуирана државна обврзница бр.1 издадена од Република Македонија, која претставува прва „класична" државна обврзница, со рок на достасување од две години, во износ од 100.010.000 денари.

*4.3. Исклучувања од котација*

Во Февруари 2005 година, Одборот на директори, на нивно барање, донесе Одлуки за исклучување од котација на акциите издадени од ГД Тиквеш АД Кавадарци, Раде Кончар-Апаратна техника АД Скопје, Трикотажа Пелистер АД Битола и Фабрика за кабли АД Неготино.

Во Април 2005 година, Одборот на директори донесе Одлука за исклучување од котација на акциите издадени од Декортекс АД Радовиш, поради отворена стечајна постапка над друштвото.

Во Мај 2005 година, Одборот на директори донесе Одлука за исклучување од котација на акциите на Жито Струмица АД Струмица. Оваа Одлука беше донесена поради неколкуте барања за исклучување од котација од страна на друштвото и после завршувањето на постапката за откуп на акциите издадени од Жито Струмица АД Струмица поведена од правното лице ИВО ДООЕЛ од Струмица согласно Законот за преземање на акционерски друштва.

Во Јуни 2005 година, Одборот на директори донесе Одлуки за исклучување од котација на акциите издадени од Макпромет АД Штип и ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово, поради неисполнување на обврските согласно Правилникот за котација на хартии од вредност.

Во Јули 2005 година Одборот на директори на Македонската берза донесе одлуки за исклучување од котација на акциите издадени од Жито Скопје АД Скопје, Млаз АД Богданци и ШИК Јелак АД Тетово, поради неисполнување на обврските согласно Правилникот за котација на хартии од вредност.

Во Декември 2005 година Одборот на директори на Македонската берза, врз основа на "Информацијата за состојбата со котираните друштва на Официјалниот пазар на Македонската берза АД Скопје" донесе одлуки за исклучување од котација од 01.01.2006 година на акциите издадени од: РЖ Техничка Контрола Скопје, Фабрика за квасец и алкохол Битола, Печатница 11 Октомври Прилеп, Бетон Штип, Адинг Скопје, Винка Виница и Градежен институт Македонија Скопје поради неисполнување на критериумите од Правилникот за котација на хартии од вредност. Овие седум друштва беа котирани на Берзата согласно законската обврска за задолжителна котација од 2002 година, бидејќи ги исполнуваа критериумите од тогашниот Правилник за котација. Со оглед на тоа што во Мај 2004 година беше донесен нов Правилник за котација, со кој што критериумите за берзанска котација во однос на капиталот и бројот на акционери беа подигнати, дел од котираните друштва веќе не ги исполнуваа условите за котација. Сепак, Берзата доби согласност од Комисијата за хартии од вредност акциите на десет од овие друштва да останат на котација до 31.12.2005 година. Имајќи предвид дека овој рок истекуваше, кон крајот на 2005 година Берзата стапи во контакт со КХВ да се разгледа можноста за продолжување на котацијата на друштвата од оваа група. Воедно, Берзата испрати дописи до овие друштва со барање да се изјаснат дали имаат намера да котираат и во 2006 година, со услов да се усогласат со критериумите за котација најдоцна до 30.06.2006 година. Три од десетте друштва (Интернешнел хотелс АД Скопје,

Макошпед АД Скопје и РЖ Институт АД Скопје) доставија одговор дека имаат намера и понатаму да останат на котација, поради што Берзата достави соодветно барање до КХВ, а другите наведени седум друштва се изјаснија негативно поради што истите беа исклучени од берзанска котација.

*4.4.Исполнување на континуираните обврски за известување од страна на котираните друштва.*

Состојбата во текот на 2005 година од аспект на доставувањето на финансиски извештаи од страна на котираните друштва е дадена во следната табела:

| **Финансиски извештај** | **Број на друштва кои ја исполниле обврската** | **Број на котирани друштва** |
|---|---|---|
| Неревидиран биланс на успех 01.01.-31.12.2004 | 57 | 68 |
| Неревидиран биланс на успех 01.01.-31.03.2005 | 46 | 64 |
| Ревидиран извештај за 2004 | 48 | 60 |
| Неревидиран биланс на успех 01.01.-30.06.2005 | 44 | 60 |
| Неревидиран биланс на успех 01.01.-30.09.2005 | 46 | 57 |

Во текот на 2005 година од страна на котираните друштва до Берзата беа доставени околу 70 известувања за ценовно чувствителни информации.

*4.5. Активности во врска со одредени котирани друштва*

Берзата континуирано го следеше движењето на цените на одредени котирани акции и при континуираните значителни пораст или опаѓања на цените беа остварувани телефонски контакти и беа испраќани дописи до издавачите со барање да ја информираат Берзата доколку поседуваат одредени ценовно чувствителни информации кои би можеле да влијаат на порастот на цената на акциите. Од овој аспект, контактирано беше со: РЖ Услуги АД Скопје, Благој Ѓорев АД Велес, Топлификација АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Македонијатурист АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Охридска банка АД Охрид, Гранит АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Бетон АД Скопје, Лотарија на Македонија АД Скопје, Европа АД Скопје и ЗК Пелагонија АД Битола.

Во Јули 2005 година Одборот на директори донесе одлука за изрекување на опомена заради непочитување на Правилникот за котација од страна на котираното друштво Гранит АД Скопје и нејзино објавување. Одлуката беше донесена од следните причини: - Гранит АД Скопје во дневните весници објави јавен повик за стекнување сопствени акции пропорционално од сите акционери, при што Македонската берза не беше претходно известена за постоење на таква одлука. Исто така, Гранит АД Скопје до Берзата достави Одлука за утврдување на дивиденден календар во која не можеше јасно да се определат датумите на пресек на акционерската книга, последниот ден на тргување со право на дивиденда и првиот ден на тргување без право на дивиденда. Следуваше дополнителна коресподенција помеѓу Македонската берза и Гранит АД Скопје во врска со ова прашање, по што се констатира дека изготвениот дивиденден календар на Гранит АД Скопје за 2004 година не е во согласност со одредбите од Правилникот за котација на хартии од вредност.

Имајќи предвид дека Берзата во системот за тргување забележа дека котираното друштво РЖ Услуги АД Скопје вршеше откуп на сопствени акции, во текот на месец

Јули Берзата се обрати до друштвото со барање да ја достави соодветната одлука. РЖ Услуги АД Скопје ја достави одлуката за откуп на сопствени акции донесена од Одборот на директори на друштвото и истата беше објавена во системот за тргување и на интернет страницата на Берзата.

Во текот на Октомври беа склучени трансакции со големи количини на акции издадени од котираното друштво Карпош АД Скопје, со значаен пораст на цената на тргување. Од тие причини Берзата писмено се обрати до Карпош АД Скопје да достави известување во врска со овие трансакции, на што друштвото достави одговор дека Градежен институт Македонија АД Скопје е купувач на 24,09% од акциите од Карпош АД Скопје. Имајќи предвид дека и Градежен институт Македонија АД Скопје во овој период беше котирано друштво, истото достави соодветно известување до Берзата во врска со наведената трансакција.

Имајќи предвид дека Берзата во системот за тргување забележа дека котираното друштво Интернешнел хотелс АД Скопје вршеше откуп на сопствени акции, Берзата се обрати до друштвото со барање да ја достави соодветната одлука. Интернешнел хотелс АД Скопје ја достави одлуката за откуп на сопствени акции, но Берзата утврди дека истата не е соодветна на законските одредби и на реално извршениот откуп од страна на друштвото, поради што побара појаснување. Интернешнел хотелс АД Скопје појасни дека до Берзата доставило погрешна одлука и во наредниот период ја достави соодветната одлука за откуп на сопствени акции донесена од страна на Собранието на акционери на друштвото.

*4.6. Останати активности во врска со котацијата*

Во текот на првите три месеци од 2005 година, на нивно барање заради искористување на правото на 50% ослободување на данокот на добивка, беа изготвени 23 дописи до котирани друштва со кои се потврдува котацијата на нивните акции во текот на 2004 година.

Согласно измените во Процедурите за тргување на Македонската берза, во текот на месец Јуни 2005 година се започна со префрлање на тргувањето на неликвидните котирани хартии од вредност од "континуирано тргување" во "фиксинг". Имено, доколку со одредена хартија од вредност која е котирана на Официјалниот пазар на Берзата не е склучена ниту една трансакција во период од 10 денови на тргување во вредност поголема од 100.000 денари (не земајќи ги предвид блок трансакциите), тргувањето со таа хартија од вредност од првиот нареден ден на тргување се префрлува од „континуиран" начин на тргување во „фиксинг" и за неа се отстрануваат ценовните ограничувања, се додека со неа не биде склучена трансакција/трансакции во вредност поголема од 100.000 денари (не земајќи ги предвид блок трансакциите). Првиот нареден ден на тргување после денот на тргување на кој се склучила трансакција/трансакции со таа хартија од вредност во вредност поголема од 100.000 денари (не земајќи ги предвид блок трансакциите), тргувањето продолжува да се одвива на континуиран начин, со примена на ценовните ограничувања. На последниот ден на тргување во 2005 година (29.12.2005 година), од 73 котирани хартии од вредност (обични акции, приоритетни акции и обврзници), 42 се наоѓаа во "фиксинг", додека 31 се наоѓаа во "континуиран" начин на тргување.

Во Септември 2005 година со активности започна Работната група за финализација на текстот на "Кодекс за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза АД Скопје". Имено, со цел дополнително зголемување на

транспарентноста во работењето на котираните акционерски друштва, во Програмата за работа на Берзата за 2005 година се предвиде изготвување и донесување на посебен кодекс за корпоративно управување на котираните акционерски друштва. Оваа активност е во согласност со трендовите во поразвиените пазари на хартии од вредност, при што се смета дека големите и успешни акционерски друштва кои котираат на берзите, покрај законските обврски за обелоденување на финансиски и други податоци, треба доброволно да прифатат уште поголемо ниво на транспарентност во своето работење. Оттука, Македонската берза, во соработка со Проектот на УСАИД за Корпоративно управување и Закон за трговски друштва, изготви работна верзија на Кодексот за корпоративно управување на котираните акционерски друштва, која се темели на одредбите за корпоративно управување предвидени во ЗТД, најновите Препораки на ОЕЦД за корпоративно управување, Белата книга на ОЕЦД за корпоративно управување за Југоисточна Европа, Акциониот план за корпоративно управување на ЕУ, македонскиот Кодекс на деловно однесување (подготвен од страна на македонскиот Совет за корпоративно управување), како и кодексите за корпоративно управување на други земји. Работната верзија на Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза АД Скопје е изработена да служи како збирка на практични одредби на најдобри практики за менаџерите и акционерите во котираните друштва. Во работната група беа вклучени и претставници на три котирани друштва (Алкалоид АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и Топлификација АД Скопје), со цел да се изработи квалитетен текст, применлив во праксата, кој ќе значи подигнување на квалитетот на функционирање на котираните друштва, подобрување на соработката помеѓу Македонската берза со котираните друштва, како и вистинско промовирање на корпоративното управување во Република Македонија. Во Декември 2005 година заврши првиот дел од активностите на Работната група, која одржа 10 состаноци на кои го разгледа предложениот текст на Кодексот и во него внесе соодветни измени. Наредните чекори предвидуваат поширока јавна расправа за текстот на Кодексот со учество на сите котирани компании и експерти од оваа област.

Имајќи го предвид планираното стартување на софтверската апликација за доставување на податоци од котираните друштва СЕИ-НЕТ за Јануари 2006 година, во текот на Декември 2005 година Македонската берза одржа средби со претставници на котираните друштва на кои беше извршена презентација на СЕИ-НЕТ, како и соодветна кратка обука на претставниците на котираните друштва. За подобро изведување на обуката, котираните друштва беа поделени во три групи, при што од 57 друштва, на средбите присуствуваа претставници на вкупно 44 друштва. На средбите, покрај обуката за СЕИ-НЕТ, на претставниците на друштвата им беа дистрибуирани и анекс-договори кон склучените договори за котација, со коишто СЕИ-НЕТ апликацијата се воведува како официјален и единствен начин на доставување на податоци од котираните друштва до Берзата.

Имајќи предвид дека во новиот Закон за хартии од вредност детално е пропишана постапката за продажба на сопствени акции од страна на акционерските друштва, Берзата се обрати до Комисијата за хартии од вредност со барање за мислење на неколку конкретни одредби од ЗХВ во однос на продажбата на сопствени акции, особено од аспект на следењето на состојбите во овој домен кај котираните друштва. КХВ достави одговор на барањето на Берзата според кој веќе почнатите постапки за продажба на сопствени акции не подлежат на одредбите од новиот Закон за хартии од вредност. Оттаму, во текот на 2006 година Берзата во рамките на активностите на надзорот ќе обрне внимание и на овој аспект, за што членките беа соодветно известени преку Берза-Нет.

**5. ЧЛЕНСТВО**

Во текот на 2005 година бројот на овластени учесници, членки на Македонската берза АД Скопје се зголеми за две нови членки, со што вкупниот број членки на Берзата изнесува 16, од кои 6 се банки, а 10 се брокерски куќи.

Имено, во месец Август 2005 година, Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје донесе Одлука за прием на "ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС" АД Скопје за стекнување статус на учесник во тргувањето на Македонската берза АД Скопје. По исполнувањето на сите предвидени услови од страна на Берзата, брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје започна да тргува на Македонската берза АД Скопје на 01.09.2005 година.

Исто така, во месец Декември 2005 година Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје донесе Одлука за прием на "АЛТА ВИСТА БРОКЕР" АД Скопје за стекнување статус на учесник во тргувањето на Македонската берза АД Скопје. По исполнувањето на сите предвидени услови од страна на Берзата, брокерската куќа АЛТА ВИСТА БРОКЕР АД Скопје започна со тргување на Македонската берза АД Скопје во текот на Јануари 2006 година.

Постапката за прием на новите членки се одвиваше во согласност со Статутот на Македонската берза АД Скопје, така што пред изјаснувањето на Одборот на директори за приемот на членка претходеше состанок на Комисијата за прием на членови на Берзата, која ги разгледуваше поднесените барања и соодветно се произнесуваше во однос на исполнувањето на критериумите за членство утврдени во позитивните законски прописи, Статутот на Берзата и Правилата за работа на Берзата.

По однос на лицата вработени како овластени брокери кај членките на Македонската берза АД Скопје кои имаат право да склучуваат трансакции во име на членот преку системот на тргување, состојбата е следна: на почетокот на 2005 година бројот на овластени брокери со доделени кориснички имиња за користење на БЕСТ системот изнесуваше 46, во текот на 2005 година 11 лица го положија стручниот испит за работа како брокер и се стекнаа со корисничко име за тргување со хартии од вреднсот преку системот на Берзата, за 7 лица беа укинати корисничките имиња по барање на членките, за да на крајот од 2005 година бројот на овластени брокери кои тргуваа во име на членките на Берзата изнесува 50 лица. Лицата кои во текот на 2005 година се стекнаа со правото да тргуваат во име на членките како брокери ги посетуваа потребните стандардни обуки организирани од Берзата и полагаа испит за познавање на БЕСТ системот на тргување и Процедурите за тргување на Македонската Берза АД Скопје, со цел добивање дозвола за тргување со хартии од вредност на Берзата.

Со цел ажурирање на податоците во Регистарот на брокери на Македонската берза АД Скопје, Берзата достави барање до сите членки-учесници во тргувањето за ажурирање на податоците. По доставените одговори од членките, беше изготвена детална Информација за состојбата со членството која беше усвоена од Одборот на директори и врз основа на која членките беа задолжени да постапат согласно заклучоците на Одборот: се задолжија одговорните лица на членките на Берзата навремено да ги ажурираат податоците и документацијата кои што ги поседува Берзата во врска со нивните вработени, седиштето на членката и другите деловни

простории од каде што тргуваат/работат; доследно и навремено да ги почитуваат, односно извршуваат обврските кои што произлегуваат од Статутот и Правилата за работа на Македонската берза АД Скопје; вработените во брокерските куќи/дирекциите за работа со хартии од вредност во банките да дадат писмена согласност во врска со почитување на сите акти на Берзата и Одлуките на Одборот на директори на Берзата; да се врши порационална и поекспедитивна размена на сите податоци помеѓу членките и Берзата и да се максимизира користењето на електронската комуникација, при што треба да се превземат сите мерки за гарантирање сигурност и безбедност во меѓусебното доставување и примање на информации.

Согласно Правилата за работа на Македонската Берза АД Скопје, директорот на членот - овластен учесник, е должен сам или заедно со други лица да спроведува надзор и е одговорен за надзорот над работењето на членот, а Одборот на директори на Берзата издава одобрение на тоа лице за спроведувањето на надзорот. Во текот на 2005 година беа дадени неколку нови одобренија за спроведување надзор над работењето на членките и беа обновени некои стари одобренија за спроведување надзор, за вкупно 13 лица со посебни овластувања.

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО НА БЕРЗАТА

Во текот на 2005 година Македонската берза АД Скопје континуирано ја споредуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност. Оваа активност, пред се, подразбираше вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и соодветни интервенции на Берзата во извесни ситуации, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност, како и одржување на здрав пазарен амбинет и доверба на широката инвестициска јавност во субјектите на пазарот на хартии од вредност.

Во таа смисла, особено треба да се истакне покомплексната активност на надзор предизвикана со порастот на општото ниво на цените на хартиите од вредност во текот на 2005 година, при што наодите од надзорната активност му беа презентирани на Одборот на директори во посеопфатна Информација во врска со актуелните случувања на секундарниот пазар за хартии од вредност. Во оваа Информација, која што беше разгледана и усвоена во месец Октомври, беа идентификувани некои тенденции кои што го карактеризираа берзанското тргување во текот на 2005 година и беа предложени мерки за соодветно прилагодување на Берзата во правец на одржување на основните премиси на ефикасното берзанско работење. Имено, беа воведени неколку измени на постојните процедури и пракси на тргување, кои, претставени глобално, значеа интервенција во следните сфери: водедување на комплетна „анонимност" на тргувањето во трговската апликација при што членките на Берзата немаат можност да го гледаат идентитетот на другите членки кои извршиле внес на налози или склучиле трансакции; донесена е одлука за воведување на т.н "прекинувачки аукции" во фазата на континуирано тргување; се изврши укинување на налозите со специјални услови, освен налозите „се или ништо"; се намалија дозволените дневни ценовни флуктуации кај хартиите од вредност распоредени во „континуирано тргување" од +/-10% на +/-5% со што се намали можноста за брзи ценовни флуктации од една страна, а од друга страна се отвори простор ваквите ценовни движења да бидат поткрепени со официјални објаснувања од страна на котираните друштва и другите учесници на пазарот; се воведоа измени кај начинот на тргување на неликвидните котирани хартии од вредност со префрлање од „континуирано" тргување во т.н. „фиксинг" и др.

Имајки ги предвид наведените цели за одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност, здрав пазарен амбинет и доверба на широката инвестициска јавност во субјектите на пазарот на хартии од вредност, во периодот од Мај до Јули 2005 година Македонската берза АД Скопје спроведе и редовни контроли на работењето на своите членки - овластени учесници во тргувањето на Македонската берза АД Скопје. Редовните контроли имаа за цел проверка на водењето на документацијата на членките поврзана за нивното тековно работење, особено од аспект на ажурноста на водење на книгата на налози и функционалноста на софтверската апликација за водење на истата, почитување на Процедурите за тргување и Правилата за работа на Берзата, примената на одредбите од кодексот на однесување и финансиските правила за одржување на потребниот ликвиден капитал на членките на Берзата, кадровската екипираност на членките на Берзата и степенот на усогласеноста на нивното тековно работење со законските прописи, Правилата за работа и другите акти на Берзата. Одборот на директори на Берзата беше информиран за наодите од контролите, при што беше заклучено дека за членките за кои се утврдени забелешки што значат непостапување по препораките од контролата на Берзата реализирана во 2004 година да изрази незадоволство од ваквата неприфатлива респонзивност на членките и ја задолжи Берзата да изготви известување за истото до секоја членка одделно, со задолжување членката веднаш да ги отстрани утврдените недоследности во нејзиното работење. За членките за кои беа утврдени одредени пропусти во рамките на редовната контрола во 2005 година, Одборот заклучи да се упатат соодветни препораки согласно кои членките треба да го прилагодат своето понатамошно работење, со определени рокови за постапување по препораките.

Во текот на 2005 година, Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје на една членка ѝ изрече јавна критика поради задоцнето порамнување на склучени трансакции, а подоцна истата членка беше санкционирана со парична казна поради констатирани неправилности во работењето во однос на обврските за информирање и доставување на потребна документација до Берзата и неправилности во работењето на членката кај начинот на извршувањето на налозите за тргување.

Исто така, по разгледувањето на Извештајот за работа на посебната комисија формирана од Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје во врска со констатираните наоди во Извештајот од контролата на работењето на една членка - овластен учесник во тргувањата на Берзата, беше донесена одлука со која се изразува незадоволство и предупредување на членката поради начинот на извршување на налози за тргување од страна на вработени брокери во однос на Контролните процедури на членката. Поради непочитување на актите на Македонската Берза АД Скопје и Контролните процедури на членката-овластен учесник, беше донесена и одлука со која еден брокер беше времено суспендиран од тргување во БЕСТ системот, при што му беше изречена и парична казна.

Во текот на 2005 година, по барање на Комисијата за хартии од вредност, во неколку наврати беа извршени контроли и дополнителни вонтеренски анализи кај неколку членки, а исто така, беа спроведени и неколку решенија на Комисијата за хартии од вредност во врска со изречените санкции на членки на Берзата.

## 7.АКТИ НА БЕРЗАТА

Во текот на оваа година 2005 година, беа донесени неколку одлуки со кои беа изменети и дополнети на постојните акти на Берзата и тоа :

- Измени и дополнувања во Процедурите за тргување, во смисла на подобрување на системот за тргување, разрешување на некои проблематични ситуации со кои се соочуваат членките на Берзата во текот на тргувањето при што основна цел беше задржување на интегритетот, длабочината и транспарентноста на пазарот. Со овие измени и дополнувања беа направени соодветни промени во БЕСТ системот и БерзаНет статистичката апликација за тргување. Дел од измените во Процедурите за тргување беа направени по барање на Комисијата на хартии од вредност;

- Измени и дополнувања на Тарифникот за утврдување на висина на надоместоците во смисла на корекција на соодветните износи или воведување на одредени надоместоци, олеснување на финансиското работење на членките, како и стимулирање на тргувањето со државните хартии од вредност.

- Измени и дополнувањата на Правилата за работа на Берзата со што се воведе горен лимит на паричната казна во случај на задоцнето порамнување од страна на членките, при што е определено за секој ден задоцнување во извршувањето на своите обврски по утврдениот ден на порамнување, суспендираната членка да плаќа казна во висина од 1% од вредноста на трансакцијата дневно, но не помалку од 10.000,00 денари дневно и не повеќе од 100.000,00 денари дневно.

- Измени и дополнувања на Процедурите за организирање јавна берзанска аукција на акции и удели, со кои се изврши усогласување на одредбите со Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал и се задоволија одредени барања на надлежните државни институции–продавачи на акции и удели преку јавните берзански аукции.

Сите одлуки за измени и дополнувања на актите на Берзата беа доставени до Комисијата за хартии од вредност заради добивање согласност.

Во текот на 2005 година Берзата донесе и неколку нови акти: Деловник за работа на Одборот на директори на Македонската Берза, Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места на Берзата, Правилник за плати и наградувања на вработените на Берзата, Правилник за евидентирање на купување и продавање на хартии од вредност од вработените на Македонската берза АД Скопје и беа усвоени Сметководствените политики кои ќе се применуваат при составувањето на основните финансиски извештаи, интерните сметководствени извештаи и сметководствената евиденција.

Во текот на целата 2005 година беа одржани повеќе работни средби на кои беа поканети претставници на сите членки на Берзата, при што детално беа објаснети измените и дополнувањата на актите на Берзата, а исто така беа разменети и различни ставови и мислења во однос на нивното имплементирање. Во однос на имплементацијата на измените и дополнувањата на актите на Македонската берза АД Скопје, беа преземени активности на изготвување на пречистени текстови на актите на Берзата, дистрибуција на измените и дополнувањата на актите на Берзата и известување на членките на Берзата за отпочнувањето на примената на изменетите акти.

Во Октомври 2005 година беше донесена Одлука за формирање на постојана работна група за развој на Процедурите за тргување и системот за тргување на Македонската берза АД Скопје, која ќе врши следење и ревизија на Процедурите за тргување на Македонската берза АД Скопје поради потребата од континуирано

следење на глобалните трендови во развојот на пазарите на хартии од вредност, како и усовршувањето на системот за тргување (БЕСТ) и статистика (БерзаНет).
Во текот на 2005 година беа донесени и Одлука за именување на членови на Комисија за прием на членови на Берзата и Одлука за именување на членови на Комисија за котација на хартии од вредност.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

Главните активности во делот на информацискиот систем, информатичката опрема и техничко-технолошката поддршка за работењето на Берзата во 2005 година беа насочени кон следните пунктови:

- редовно следење и проверки на системот за тргување БЕСТ (Берзанскиот елекстонски систем за тргување);
- инсталација и пуштање во употреба на нови сервери;
- промени во системот за тргување БЕСТ, во согласност измените на Процедурите за тргување и одлуките на Одборот на директори;
- активности за воспоставување резервна локација за функционирање на БЕСТ системот
- развој на механизми за ефикасен надзор над тргувањето со хартии од вредност на Берзата
- воспоставување на нови канали и модалитети за дистрибуција на информации од тргувањето на Берзата во „реално време", трговската статистика и информации од котираните компании
- имплементација на новиот електронски систем за доставување на информации од котираните друштва СЕИ-Нет

### *8.1. Редовно следење и проверки на системот за тргување БЕСТ (Берзанскиот елекстонски систем за тргување*

Имајки предвид дека целокупната трговска активност на членките на Македонската Берза АД Скопје се одвива преку електронски систем за тргување на Берзата и електронско поврзување на Берзата со Централниот депозитар за хартии од вредност, голем дел од активностите во информатичката сфера беа насочени кон непречено одвивање на основната функција на Берзата, на тој начин овозможувајки Берзата да биде централно место каде непречено се канализира понудата и побарувачката на хартии од вредност во Република Македонија. Во текот на 2005 година во ниту еден ден не беше забележана појава на аномалија на БЕСТ системот што би значела дефект во редовното функционирање на електронскиот систем.

### *8.2. Инсталација и пуштање во употреба на нови сервери*

Согласно Програмата за работа во 2005 година и констатираната потреба од замена на дотраената серверска опрема, во август 2005 година Берзата набави нова серверска опрема што по перформанси значајно ги надминува капацитетите на старите сервери. Имено, беа набавени: еден сервер за Trading Engine, еден сервер за БерзаНет и БерзаНет - Надзор и два сервери за комуникации, Trading Gateway. Потоа беа извршени сите стандардни тестирања на хардверот и инсталација на системскиот и апликативниот софтвер. Со тестирањето на новата опрема беше констатирано зголемување на перформансите на системот во однос на стариот и истиот ги покажа следниве резултати:

| | |
|---|---|
| Број на прифатени налози во секунда | 152,7 |
| Број на реализирани трансакции во секунда | 47,3 |

Тестирањата покажаа дека искористеноста на хардверските ресурси беше од 20% до 40% и во ниту еден момент не беа забележани нагли скокови поголеми од 40%, ниту ефект на "тесно грло" во системот во ситуација кога апликацијата за симулација го достигна својот максимум.

На ден 05.09.2005 година беше реализиран првиот трговски ден со новите сервери, при што работењето на трговскиот систем на Берзата се одвиваше непречено.

### *8.3. Промени на системот за тргување БЕСТ*

Согласно неколку одлуки на Одборот на директори на Македонската Берза АД Скопје за измени и дополнување на Процедурите за тргување, а по добиените согласности од Комисијата за хартии од вредност, во текот на 2005 година во БЕСТ системот беа додадени неколку функционалности за поддршка на овие промени. Пред ставањето во употреба на секоја функционалност беа вршени низа тестирања на истата, со цел обезбедување целесобразност со изменетите трговски процедури согласно одлуките и заклучоците на Одборот. Измените на трговската апликација се однесуваа на следното:

- промена на начинот за тргување за хартиите од вредност на котирани друштва при дадени услови;
- укинување на налозите „Минимум Една" (МЕ) и „Минимум Сите: (МС), при што се воведе системски параметар за сите налози со специјални услови за реализација кои ги поддржува системот за тргување БЕСТ, а кој дозволува односно забранува нивна употреба;
- воведување "анономност" во тргувањето, односно подесување на системот за поддршка на забраната за увид во податоците за членките кај налозите и трансакциите во системот за тргување (БЕСТ), системот за статистика (БерзаНет) и при јавните берзански аукции;
- имплементација на нови дневни ценовни ограничува при тргувањето со котирани хартии од вредност.

### *8.4. Активности за воспоставување резервна локација за функционирање на БЕСТ системот*

Согласно програмските активности за 2005 година, во текот на годината беа разгледани модалитетите за воспоставување на резервна локација на Берзата, соодветно на утврдените потреби и расположивите можности. Особено беа вршени тестирања на големината и латентноста на комуникацискиот вод меѓу Берзата и понудувачите за реализација на резервна локација на Берзата. Во тие рамки се тестираше и т.н. трансакциона репликација на базата на податоци на Берзата за имплементација на backup функционалноста на трговскиот систем на кој се одвива берзанското тргување, во реално време. Реализацијата на оваа активност ќе се финализира во 2006 година.

### *8.5. Развој на механизми за ефикасен надзор над тргувањето со хартии од вредност на Берзата*

За потребите на зголемувањето на ефикасноста на надзорот при тргувањето од страна на Берзата, Одделот за информатичка поддршка при Дирекцијата за деловни операции на Берзата самостојно изврши развој на:

- апликација за генерирање на графици за движење на цената на избрана хартија од вредност во даден период со дефинирање и приказ на дополнителни параметри и информации битни за надзор на пазарот;
- функционалност на системот за тргување за генерирање пораки предизвикани од специфични пазарни ситуации кои се предмет на надзор.

*8.6. Воспоставување на нови канали за дистрибуција на берзански информации*

Со цел поефикасна дистрибуција на берзанските информации, како и создавање на основи за остварување на приходи по основ на продажба и дистрибуција на берзанските информации, Одделот за информатичка поддршка при Дирекцијата за деловни операции на Берзата самостојно изврши:

- *Имплементација на Web Service за статистика (MSEDWWS)* - Поради потребата за доставување на берзански податоци во реално време до некои информативни сервиси во земјата и странство, како и до институции поврзани со секундарниот пазар на хартии од вредност во Република Македонија (МАПАС, приватни пензиски фондови и др.) беше развиен и имплементиран нов продукт на Берзата за остварување на овие цели. Оваа апликација е базирана на .НЕТ платформата и истата е функционална од Декември 2005 година.
- *Имплементација на новиот продукт МБ Нет* - Поради потребата за доставување на берзански податоци во реално време, поддржани со соодветна апликација која поддржува статистичка база на податоци за тргувањето на Берзата и различни параметри за дефинирање и пребарување низ податоците од тргувањето на Берзата, беше воведен нов продукт на Берзата - МБ Нет, при што се стави акцент на статистичката апликација која ќе биде дел од овој продукт. Оваа апликација е базирана на .НЕТ платформата, а како извор на податоците го користи т.н. Web Service (MSEDWWS). Овој продукт беше пуштен во употреба во Декември 2005 година.

*8.7. Имплементација на новиот електронски систем за доставување на информации од котираните друштва СЕИНет*

Согласно програмските определби за 2005 година, во текот на 2005 година Македонската Берза АД Скопје го разви системот за електронско доставување на известувања од котираните друштва – СЕИНет. Имено, системот СЕИНет претставува Интернет апликација со која котираните акционерски друштва брзо и навремено можат да ја информираат јавноста за сите битни информации од нивното работење, додека пак на корисниците на оваа апликација им се овозможува бесплатно пребарување на историски, статистички и аналитички податоци за работењето на издавачите и прегледи на објавените известувања во јавноста. По успешното тестирање на апликацијата СЕИНет истата беше пуштена во употреба на 15.01.2006 година.

## 9. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2005 година работењето на Македонската берза АД Скопје во повеќе наврати предизвикуваше нагласен интерес во медиумите, пред се поради порастот на општото ниво на цените на хартиите од вредност на пазарот. Извршните директори

дадоа повеќе интервјуа и соодветени анализи во повеќе медиуми (Македонска Телевизија, Македонско Радио, Канал 5, Канал 4, Утрински весник, Вечер, Капитал, Дневник, А1 Телевизија, Сител Телевизија, Нова Македонија). Главниот Извршен директор даде пошироки интервјуа во емисијата "Економски клуб" на Македонската Телевизија и во „Утрински весник" и неделникот "Капитал". Редовно се објавуваа дневните, неделните и месечните извештаи од тргувањето. Јавноста редовно се известуваше и преку месечниот Билтен на Македонската берза АД Скопје, а особена нагласка се стави на редовно и навремено ажурирање и дистрибуирање на информациите преку веб страницата на Берзата. Исто така, на Телевизијата Канал 5 започна прикажување на податоците од тргувањето на Македонската берза на тикер во рубриката "Економија". Дневните известувања од тргувањето на Македонската берза АД Скопје се објавуваа и во првиот електронски весник "Avizo MC".

Со агенцијата МИА се обнови и редефинира договорот за соработка, со кој се прошируваат услугите што МИА и ги дава на Берзата во објавувањето на информации. Покрај објавувањето на банерот и линкот до веб страницата на Берзата, во редовниот e-mail сервис на оваа новинска агенција, МИА-Бизнис, се отвори посебна рубрика со вести и трговски и други податоци што ги доставува Македонската берза АД Скопје. Во текот на целата година следеше редовно објавување на посебната рубрика во која што се објавуваат вести и трговски и други податоци што ги доставува Македонската берза АД Скопје. Во соработка со МТВ, секој Понеделник редовно се објавуваа неделните податоци од тргувањето на Македонската берза АД Скопје.

Во текот на 2005 година, извршните директори одржаа прес конференција во просториите на Берзата на која беа претставени податоците за тргувањето на Македонската берза за првите шест месеци од годината.

Беше поставен специјален телевизиски екран лоциран во Градскиот Трговски Центар во Скопје во продавницата "Нептун" на кој се прикажуваа податоци од тргувањето со хартии од вредност и промовирање на членките на Македонската берза. Истото беше направено и на локацијата на која што се наоѓа Берзата, односно во продавниците на приземјето во зградата на "Аутомакедонија", со цел промовирање на тргувањето со хартии од вредност и промовирање на членките на Македонската берза АД Скопје.

Македонската берза АД Скопје, заедно со Стопанската Комора на Република Македонија и весникот „Време", организираше трибина за претставници на средните и мали претпријатија на тема: "Финансирање преку Берза", на која трибина Главниот Извршен директор имаше свое излагање.

Главниот Извршен директор по покана од Комисијата за хартии од вредност учествуваше на семинар за едукација на новинари во Охрид. Исто така, со свое излагање на тема „Странските портфолио инвеститори и Македонската берза АД Скопје" зема учество на средбата на Сојузот на економисти во Република Македонија што се одржа во Охрид.

Во текот на целата година промоција на Македонската берза и берзанското работење за пошироката јавност (ученици, студенти и др.), се вршеше и во просториите на Македонската берза. Беа одржани презентации за ученици од средното економско училиште од Скопје и Прилеп, студенти од Економскиот Факлутет и New York Colege при што, им беше претставено работењето на Берзата и

им беа поделени соодветни брошури и други промотивни и едукативни материјали за Македонската берза.

Во соработка со Здружението на судии и Здружението на акционери беа одржани неколку семинари со судиите на подрачјето на Битола, Штип и Скопје на кои Македонската берза имаше активно учество преку свој претставник.

Во рамките на соработката на Берзата со Проектот на УСАИД за корпоративно соработување и деловно право, во Скопје (во просториите на Македонската берза) и Велес беа одржани семинари за имплементација на Законот за трговски друштва.

Беа остварени посети на Берзата од претставници на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) на кои им беше презентирана Македонската берза и нејзиното работење и им беа поделени соодветни брошури и други промотивни материјали.

Во соработка со Здружението на акционери, претставник на Берзата имаше излагање на Меѓународната конференција на здружението на акционери од Европа што се одржа во Битола.

Главен промотивен настан во текот на 2005 година во организација на Македонската берза беше Шестата годишна конференција на Македонската берза АД Скопје. Тема на овогодишната конференција беше "Котација и вложување на Берза-Дали се надминати бариерите?", а истата се одржа во Скопје на 16.09.2005 година што подразбираше и работно одбележување на десетгодишнината од основачкото собрание на акционери на Берзата. Конференцијата ја отвори потпредсеталеот на Владата на Република Македонија, г-дин Минчо Јорданов, а централен настан беше панел дискусијата "Котација на берза-искуства и перспективи", на која земаа учество претставнци на трговските друштва, финансиски посредници, професори на Универзитеот "Св.Кирил и Методиј" и поранешни минсистри за финансии на Владата на Р.Македонија. По повод годишната конференција на Берзата беше изготвена нова информатичка публикација наречена "Водич низ Берза", во која на концизен начин беа презентирани основните принципи на берзанското работење и позначајни аспекти од функционирањето на Македонската берза.

Во 2005 година Македонската берза АД Скопје зема учество на финанскиот саем ФИН-ЕКСПО во периодот од 30.11-02.12.2005 година. Оваа година Македонската берза беше застапена на саемот со две предавања на кои беше презентирано берзанското работење, за кои имаше задоволителна посета од публиката.

Во рамките на подолготрајната соработка со Здружението на правници од стопанството на Република Македонија, беа одржани 53-та и 54-та Средба на правници одржани во Охрид. Главниот Извршен директор беше поканет на 54-та Средба на правници на која имаше свое излагање на тема: „Обврски на акционерските друштва за известување согласно законските и берзанските прописи".

Во текот на оваа година, Главниот Извршен директор во повеќе наврати оствари средби со претставници на странски инвеститори заинтересирани за влез на македонскиот пазар на капитал од Австрија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Финска итн.

## 10. НОРМАТИВНИ И ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на месец Февруари 2005 година се заврши започнатата постапка од 2004 година за усогласување на Статутот на Македонската берза АД Скопје со Законот за трговски друштва. На 14.02.2005 година се одржа Собрание на акционери на Берзата на кое се постапи согласно соодветените забелешки на Комисијата за хартии од вредност, по што следуваше добивање на согласност од Комисијата за хартии од вредност на Статутот на Берзата и конституирање на новиот состав на Одборот на директори. Во месец Март се започна и со активностите за упис на наведените промени во Трговскиот Регистер, при што сите постапки околу усогласувањето со Законот за трговски друштва и конституирањето на новиот состав на Одборот на директори завршија во месец јуни 2005 година.

Во текот на оваа година, Берзата активно се вклучи во јавната расправа по текстот на Предлог-Законот за хартии од вредност. Одборот на директори усвои Мислење по текстот на Предлог-Законот, со низа предлози за прецизирање и подобрување на истиот. Мислењето беше презентирано и соодветено образложено на посебна средба во рамките на јавната расправа помеѓу претставници на Берзата и членовите на работната група која работеше на Предлог-законот за хартии од вредност. По добивањето на последната верзија од текстот на Предлог-законот од страна на Министерството за финансии, извршните директори на Берзата упатија уште еден допис со забелешките и предлозите на Берзата по Предлог-законот.

Македонската берза АД Скопје изготви посеопфатна студија за импликациите од примената на воведените даночни олеснувања пред неколку години (целосното ослободување од оданочување на оставрените капитални добивки од тргувањето со хартии од вредност и ослободувањето од 50% од оданочувањето на добивката на котираните друштва), и тоа како за страната на понудата, така и за страната на побарувачката на хартии од вредност. Материјалот насловен како „Информација за влијанието на промените во даночната регулатива врз пазарот на хартии од вредност во Република Македонија" кон крајот на месец Август 2005 година беше доставен до Министерството за финасии на РМ и Комисијата за хартии од вредност. Составен дел на оваа информација беа и предлозите на Берзата за продолжување на постојниот даночен режим за функционирање на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Кон крајот на 2005 година беа донесени измените и дополнувањата на Законот за данок на добивка според кој во сферата на оданочувањето на добивката на котираните компани беа предвидени дополнителни даночни олеснувања од 30% за 2006 година и 15% за 2007 година, како процент за намалување на утврдениот данок на добивка на акционерските друштва кои котираат на Берзата, како и ослободување од данок на добивка за истите наведени проценти за сите друштва кои во иднина за прв пат ќе котираат на Берза. Во однос на оданочувањето на капиталната добика, на 31.12.2005 година престана да важи целосното даночно ослободување, така што со почетокот на 2006 година капитална добивка остварена со продажба на хартии од вредност се оданочува, а предмет на оданочување е 70% од разликата помеѓу продажната и куповната цена на хартии од вредност.

Со влегување во сила на Закон за хартии од вредност, Македонската берза АД Скопје организираше презентација за членките на Берзата со која беа опфатени новините од Законот кои се однесуваат на овластените учесници на пазарот. Имено, во месец Декември 2005 година во просториите на Берзата беше одржан состанок со претставници на брокерските куќи, учесници во тргувањето на кој беше разгледан и објаснет новиот Закон за хартии од вредност, а исто така беа разменети различни ставови и мислења во однос на неговото имплементирање.

Одборот на директори на Македонската берза ја поддржа иницијативата на извршните директори на Берзата за поднесување барање за автентично толкување на Законот за договорен залог во делот за овластен потписник при продажба на заложени хартии од вредност. Оваа иницијатива беше реализирана во форма на поднесено барање за автентично толкување преку Собранието на РМ и на истото се очекува одговор во почетокот на 2006 година.

Во текот на 2005 година Македонската берза АД Скопје доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од: Јавното правобранителство, Јавното обвинителство, Комисијата за хартии од вредност и други надлежни институции, претежно во врска со податоци за склучени берзански трансакции. Исто така, во текот на 2005 година беше пријавено побарување за стечајна постапка за друштвото Декортекс АД Радовиш и беа поднесени предлози за извршување на котирани друштва кои не ги исполнија своите побарувања кон Македонската берза АД Скопје.

Во 2005 година, Македонската берза АД Скопје стана членка на Групацијата за работење со долгорочни хартии од вредност во состав на Здружението на банкарство во Стопанската Комора на Р.Македонија од 15.11.2005 година. Берзата учествуваше на неколку седници и состаноци на Здружението на кои тема на дискусија беа Законот за хартии од вредност, Правилникот за ликвидните средства на брокерските куќи и др.

Во рамките на своите редовни контроли, Комисијата за хартии од вредност во текот на 2005 година изврши контрола на целокупното работење на Македонската берза АД Скопје, за што беше изготвен записник без забелешки и во кој беше констатирано дека Македонската берза редовно и навремено ги исполнува обврските кон Комисијата за хартии од вредност.

Со цел афирмација на тргувањето со хартии од вредност и негово приближување кон младата популација, како сегашна и идна целна група на инвеститори во хартии од вредност, во текот на 2005 година беше промоворан едукативниот проект „Студентска берза". Станува збор за софтверска апликација развиена од Македонската берза АД Скопје која овозможува "виртуелно" инвестирање, при што секој учесник од оваа "игра" има на располагање фиктивен износ на средства кои може да ги инвестира во определени ликвидни хартии од вредност, за да на крајот од месецот се цени неговото портфолио и резултатите од инвестираните средства. Проектот официјално започна на 01.10.2005 година, со почетокот на студентската одина, и ќе трае до Јуни 2006 година. Проектот се реализира во соработка со неколку покровители и тоа: главен покровител: Комерцијална банка АД Скопје; покровители: ФХЛ Мермерен Комбинат АД Прилеп, Фершпед АД Скопје, Алкалиод АД Скопје и ВВ Тиквеш АД Кавадарци, а медимуски покровител е неделникот Капитал. За најдобрите пет учесници во секој месец се предвидени и награди кои ги обезбедуваат: Комерцијална Банка АД Скопје, Македонската Берза АД Скопје и неделникот Капитал. За афирмација на овој едукативен проект беа направени посебни презентации на Економскиот факултет во Скопје (во соработка со AISEC) и беа дистрибуирани 1000 лифлети со правилата на играта по факултетите во државата. Исто така, проектот беше презентиран преку информативни и рекламни спотови емитувани на Сити радио. За реализација на проектот беше креирана посебна веб-страница www.studentskaberza.com.mk.

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Како одговор на апликацијата на Македонската берза АД Скопје за стекнување на статус дописна членка на Федерација на европските берзи (FESE), во почетокот на месец Февруари во Скопје, како специјален гостин на Берзата, престојуваше генералниот секретар на FESE, г-дин Paul Arlman, кој што изврши анализа на организацијата и перформансите на Македонската берза АД Скопје и целокупниот пазар на хартии од вредност во Република Македонија. По доставениот извештај од страна на г-динот Arlman, работниот комитет на FESE, на седницата одржана на 18.02.2005 година во Лисабон, донесе одлука за прием на Македонската берза АД Скопје како дописна членка на FESE, со важност од 01.03.2005 година.

Во рамките на билатералната соработка меѓу Македонската берза и Берзата во Тирана, а во организација на FEAS, Македонската берза беше посетена од страна на претставници на Берзата во Тирана, Албанија, во периодот од 30.11-02.12.2005 година, на кои им беше претставено работењето на Македонската берза, беше остварена средба со претставници од Централниот Депозитар и претставници од членките на Берзата. Исто така, во истиот период, во организација на Комисијата за хартии од вредност на Р.Македонија беше организирана и посета на Берзата од страна на делагација од Комисијата за хартии од вредност на Албанија.

Во месец Јуни во посета на Македонската берза беа претставници на берзата од Софија. По нивна иницијатива водени се начелени неофицијални разговори за идната соработка на берзите во регионот, при што од бугарските претставници истакнаа дека се водат преговори со берзата во Стокхолм која е заинтересирана моделот на поврзување на скандинавските берзи да го прошири и во други делови на Европа.

Во текот на 2005 година претставници на Македонската берза АД Скопје учествуваа како излагачи или учесници на повеќе меѓународни конференции, саеми и други настани одржани во Софија (Бугарија), Порторож (Словенија), Истанбул (Турција), Солун (Грција), Белград (Србија и Црна Гора), Хановер (Германија) и Хаг (Холандија), на кои беа презентирани локални и меѓународни искуства и беа разменувани мислења и видувања по следните подрачја: идните начини на соработка на берзите во регионот, инвестициските можности на пазарите на капитал во Југоисточна Европа, информатичката технологија и пазарот на хартии од вредност, медиумското презентирање на областа на хартиите од вредност, Кодексот за корпоративно управување за котираните компании и др. Во месец Септември преставник на Берзата присуствуваше на Годишното Собрание на FEAS одржано во Шираз (Иран).

Во текот на 2005 година се реализира и иницијативата на економскиот советник за инвестициона промоција во Амбасадата на РМ во Италија за посета на берзата во Милано (четврта најголема берза во Европа) како обид за отпочнување на трајна соработка помеѓу двете берзи. Кон средината на Септември, претставници на Македонската берза АД Скопје остварија дводневна посета на Миланската берза. Во рамките на посетата делегацијата на Берзата направи и соодветни презентации на македонскиот пазар на хартии од вредност во две италијански банки (Banca Popolare Unite и Banca Intesa).

Во соработка со проектот Financial Services Volunteer Corps (FSVC) беше одржан еднодневен семинар на тема: "Улогата на саморегулирачки организации на пазарот на капитал", на кој што како презентери настапија г-дин Robert Strahota, поранешен помошник директор во Секторот за меѓународни работи на Комисијата за хартии од

вредност во САД и г-дин Krzysztof Grabowski, советник директор на Брокерска куќа на ПКО Банка од Полска. Предавањата беа одржани во просториите на Берзата, во присуство на членките на Македонската берза, членови на Одборот на директори на Берзата и вработените во Берзата. Овој семинар резултираше во многу практични искуства, кои ќе помогнат во изготвување на Правила за однесување и дисциплина на Берзата согласно новиот Закон за хартии од вредност.

## 12. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2005 ГОДИНА

Во 2005 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупен приход** во износ од **74.665.516 денари** и истиот е за 74% повисок во однос на остварениот во 2004 година. Ова зголемување на приходот се должи, пред сé, на зголемување на приходите од надоместот за тргување и приходите од камати по основ на финансиски пласмани.

Најголемиот дел од приходите во износ од 63.659.261 денари или 85% од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за тргување и истите се за 109 % повисоки во однос на остварените во 2004 година. Најголемо зголемување е забележано кај приходите од трансакциите во БЕСТ системот - за 319% во однос на 2004 година (во 2004 година Берзата по овој основ остварила 10,6 милиони денари, а во 2005 година 44,3 милиони денари провизија). Остварениот приход од тргувањето со обврзници за 2005 година во однос на остварениот приход за 2004 година бележи пораст од 43,75%. Кај тргувањето со хартии од вредност во државна сопственост има зголемување на приходот за 17,58%. Намалување на остварениот приход од берзанска провизија има само кај блок трансакциите и тоа за 23% во однос на истиот во 2004 година.

Приходите остварени од камата на орочени депозити кај банките и од камата на депозити по видување, изнесуваат 2.644.652 денари и претставуваат 3,6 % од вкупните приходи. Зголемување на овие приходи во најголема мерка се должи на зголемување на износот на пласираните средства како депозити од 12,2 милиони денари на 01.01.2005 година на 44.4 милиони денари на 31.12.2005 година. По основ на вложени средства во државни записи на годишно ниво е остварен приход во износ од 1.522.063 денари.

Приходите по основ на надомест за членарина на членките на Берзата изнесуваат 170.000 денари што претставува намалување за 84% во однос на остварените во 2004 година. Ова намалување се должи на кварталните ослободувања од плаќање на членарина, почнувајќи од месец Март, согласно можноста која ја дозволува новиот Тарифник на Берзата, односно проценките на Одборот на директори за финансиската состојба на Берзата.

Остварени се и приходи по основ на котациона провизија од 57 котирани друштва, во износ од 5.700.000 денари или 7,7% од вкупните приходи и се за 16% помали во споредба со 2004 година. Ова намалување се должи на исклучување од котација на 11 друштва во текот на 2005 година.

Во 2005 година Берзата оствари и други приходи во износ од 969.540 денари што се за 53% пониски во споредба со истите во 2004 година. Ова намалување се должи на истите причини како и намалувањето на приходите на Берзата по основ на членарина, односно соодветните одлуки на Одборот на директори кои, согласно финаниската ситуација на Берзата, одлучуваше членките на Берзата да не ги плаќаат надоместите за комуникациска такса и приклучок во БЕСТ системот. Остварените приходи по овие основи во 2005 година се однесуваат на приходи од такса за приклучок во БЕСТ (357.600 денари), приходи од парични казни на

брокерски куќи (200.000 денари), надомест од брокерски испит (55.500 денари), приходи од користење на Веб страница (29.000 денари), приходи од продажба на Бестнет услуги (306.612 денари) како и други приходи.

**Вкупните расходи** остварени во 2005 година изнесуваат **47.782.713 денари** и истите се номинално за 31% повисоки од остварените во 2004 година кога истите изнесувале 36.387.926 денари. Притоа, треба да се нагласи дека во искажувањето на вкупните расходи на Берзата во 2005 година постојат неколку специфики кои што го отежнуваат едноставното споредување на расходите во 2005 и 2004 година (како на пример, третманот на надоместот за Комисијата за хартии од вредност во износ од 20% од надоместот за тргување на Берзата кој што се искажува како расход на Берзата, усогласувањето со Меѓународните сметководствени стандарди во делот на наградувањето и/или резервациите за наградување на извршните и/или неизвршните членови на Одборот, примената на усвоените Сметководствени политики на Берзата во делот на исправка на вредност на побарувањата итн.). Имајќи го ова предвид дополнителната структурна анализа на вкупните расходи во 2005 година всушност покажува дека истите се движат под нивото кои го имале во 2004 година. Така, доколку расходите на Берзата во 2005 година се прилагодат за износот на надоместот кој Берзата го префрла во КХВ, исправката на вредноста на побрувањата и наградите и/или резервациите кои се однесуваат на извршните и/или неизвршните членови на Одборот, истите изнесуваат 29.640.854 денари наспроти соодветно прилагодените расходи од 29.983.032 денари во 2004 година (намалување за 1,14%).

Во 2005 година за трошоци за провизија за извршени услуги и слични трошоци направени се расходи во износ од 13.219.523 денари, што претставува 27,7% од вкупните расходи. Во овие трошоци, со 98,7% учествува надоместот од реализирани берзански трансакции за Комисијата за хартии од вредност, во износ од 13.039.852 денари. Кај овие расходи имаме зголемување од 114% во однос на истите минатата година, што се должи на зголемени приходи по основ на надомест од тргување. Останатите трошоци се однесуваат на провизии од банки.

За Општи и аминистративни трошоци и амортизација, направени се расходи во износ од 31.572.290 денари. Во тие рамки трошоците за бруто плати се реализирани во износ од 10.638.366 денари и истите учествуваат во вкупните расходи со 22,3%. Кај бруто платите во 2005 година во однос на планот има остварување од 95%. Бруто платите на извршните членови на Одборот на директори изнесуваат вкупно 3.184.258 денари, односно 2.058.258 денари и 1.013.277 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

Трошоците по основ на колективен договор изнесуваат 2.377.699 денари и претставуваат 5% од вкупните расходи за 2005 година. Овие трошоци се направени за исхрана (370.044 денари), превоз на вработените (184.173 денари), за регрес за годишен одмор (144.000 денари), награди за вработените согласно одлуки на Одборот на директори (870.929 денари) и надоместок по основ на спогодбено раскинување на работен однос (783.553 денари).

Годишната награда пресметана согласно договорите за уредување на меѓусебните односи помеѓу Берзата и извршните членови на Одборот изнесува 1.080.000 денари во нето износ, односно 600.000 денари и 480.000 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

Согласно заклучокот од седницата на Одборот на директори од 26.12.2005 година направена е резервација на трошок за 2005 година за годишна награда на неизвршните членови на Одборот на директори во вкупен износ од 1.448.027 денари. Пред конечното книжење на оваа резервација како трошок на Берзата во 2005 година, истото треба да се потврди со соодветна одлука на годишното собрание на акционери на Берзата.

Материјалните и слични трошоци изнесуваат 1.357.981 денари или 2.9% од вкупните расходи (трошоци за: електрична енергија, топлификација, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично) и истите се во висина на истите трошоци во минатата година.

Трошоците за услуги изнесуваат 7.277.684 денари и истите учествуваат со 15,3 % во вкупните расходи и се за 2% помали во однос на 2004 година. Врз остварените трошоци за услуги, најголемо влијание имаат трошоците за закупнина во износ од 2.240.007 денари (30,8 % од вкупните трошоци за услуги). За услуги за тековно одржување на опремата направени се трошоци во износ од 1.416.339 денари, а за телефонски услуги (за функционирање на БЕСТ системот и редовното работење на Берзата) направени се трошоци во износ од 1.457.647 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за користење на Интернет, печатарски услуги, интелектуални услуги, фотокопирање и друго.

За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 677.960 денари. Кај овие трошоци има намалување од 19% во однос на истите лани, а се 15% пониски од планираните за 2005 година.

Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 2.018.822 денари и тие изнесуваат 4,2% од вкупните расходи. Бруто износ на надомест за неизвршен член на одборот на директори за 2005 година изнесува 183.530 денари или во нето износ 156.000 денари по член.

Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 1.851.054 денари и претставуваат 3,9% од вкупните расходи, односно бележат намалување од 44% во однос на 2004 година, што се должи на намалување на трошоци за промотивни цели. Имено, за промотивни цели во 2005 година се направени трошоци во висина од 626.401 денари за разлика од 2004 година кога на овие издатоци се потрошени 2.082.806 денари. Направените трошоци за репрезентација во 2005 година се на слично ниво како во 2004 година, односно 1.224.653 денари во 2005 година наспроти 1.207.050 денари во 2004 година.

Други административни трошоци се однесуваат на осигурување на имот и лица во висина од 111.601 денари.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 2.403.886 денари, што претставува 5,1% од вкупните расходи. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно Уредба со примена на амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација.

За Други трошоци и вонредни расходи, направени се трошоци во износ од 746.130 денари. Овие расходи са направени за членарина во Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за Американска, Германска и Холандска Стопанска комора, придонес за дополнително здравствено осигурување од плата, доплата за придонес за

здравствено осигурување согласно коефициентите на сложеност, судски и административни такси.

За Исправка на вредност на побарувања направени се трошоци во износ од 2.244.770 денари. Направена е 100% исправка на вредноста на побарувања од одреден број порано котирани акционерски друштва за неплатен надомест за котација постари од една година и побарувања од 2005 година за кои е проценето дека има потешкотии во наплатата.

* * *

Како резултат од повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2005 година оствари **добивка пред оданочување** во износ од **26.882.803 денари**.

Во 2005 година е остварена **бруто профитна стапка од 36% (бруто добивка/вкупни приходи.**

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12. 2005 година изнесува **77.991.578 денари.** Во структурата на активата доминираат најликвидните средства (парични средства, пласмани во банки и државни записи) со 82% учество (64.116.264 денари), што придонесува за висока финансиска стабилност на берзата. Учеството на основните средства изнесува изнесува 4,4% од вкупната актива, а побарувањата се 10.460.617 денари или 13,5% учество (78,4% се побарувања за надомест за тргување за месец Декември 2005 година).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12. 2005 година изнесува **77.991.578 денари.** Вкупните обврски во 2005 година изнесуваат 8.866.888 денари. Од тоа, обврските за даноци се во износ од 4.264.669 денари, обврски кон добавувачи 2.215.474 денари и други обврски во висина од 2.386.744 денари. Македонска берза има непотрошени средства, примена донација за проектот Студенска берза во износ од 85.979 денари. Акционерскиот капитал на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2005 година изнесува 38.239.574 денари. Во резерви се распределени 8.641.952 денари**.** Добивката како ефект на сторнирање на ревалоризација за 2001 година изнесува 23.232 денари (ревалоризацијата е извршена согласно законските прописи во Република Македонија, што не се признава по воведувањето на Меѓунардоните сметководствени стандарди кои задолжително се применуваат со годишната сметка за 2005 година). Добивката по оданочување од тековна година изнесува 22.133.953 денари.

**Стапката на поврат на акционерскиот капитал** (бруто добивка/капитал) во 2005 година изнесува 39%.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Ѕвонко Станковски**

**П Р И Л О Г**

**ГОДИШНА СМЕТКА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**31.12. 2005 година**

### АКТИВА

**во денари**

| Назив | 2004 | 2005 | Индекс 2005/2004 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1,Парични средства | 2.604.992 | 2.012.847 | **77** |
| 2.Државни записи | 22.595.012 | 17.702.424 | **78** |
| 3.Депозити | 12.200.992 | 44.400.993 | **364** |
| 4.Основни средства | 3.408.581 | 3.414.697 | **100** |
| 5,Побарувања | 11.923.061 | 10.460.617 | **88** |
| **ВКУПНО АКТИВА** | **52.732.638** | **77.991.578** | **148** |

### ПАСИВА

**во денари**

| Назив | 2004 | 2005 | Индекс 2005/2004 |
|---|---|---|---|
| Обврски | 1.341.039 | 8.866.888 | **661** |
| Примена донација за проект Студенска берза | | 85.979 | |
| Запишан капитал | 38.239.574 | 38.239.574 | **100** |
| Резерви | 7.889.138 | 8.641.952 | **110** |
| Ревалоризациона резерва | 84.838 | | **0** |
| Добивка како ефект на сторно на ревалоризација . | | 23.232 | |
| Добивка од тековна година | 5.178.049 | 22.133.953 | **427** |
| **Пасива** | **52.732.638** | **77.991.578** | **148** |

## ГОДИШНА СМЕТКА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

**За период Јануари-Декември 2005 година**

**во денари**

| Расходи | 01-12.2005 | 01-12.2004 | Индекс 2005/2004 | План 2005 | Оств.на План во % |
|---|---|---|---|---|---|
| **I. Трошоци за провизии и извршени услуги од домашни лица** | **13.219.523** | **6.294.402** | **210** | **6.190.000** | **214** |
| 1. Провизии од банки | 179.671 | 194.750 | **92** | 190.000 | **95** |
| 2.Берзанска провизија за Комисија за хартии од вредност | 13.039.852 | 6.099.652 | **214** | 6.000.000 | **217** |
| **II. Општи и административни трошоци и амортизација** | **31.572.290** | **29.362.211** | **112** | **27.221.000** | **116** |
| 1. Вкалкулирани бруто плати | 10.638.366 | 10.435.080 | **102** | 11.200.000 | **95** |
| 2. Трошоци по основ на колективен договор | 2.377.699 | 1.255.731 | **189** | 750.000 | **317** |
| 3. Годишна награда по менаџерски договори | 1.409.210 | | | | |
| 3. Материјални и слични трошоци | 1.357.981 | 1.359.895 | **100** | 1.350.000 | **101** |
| 4. Трошоци за услуги | 7.277.684 | 7.399.631 | **98** | 6.800.000 | **107** |
| 5. Одбор на директори | 2.018.822 | 1.524.708 | **132** | 1.864.000 | **108** |
| 6. Годишна награда на Одбор на директори | 1.448.027 | | | | |
| 7. Трошоци за службени патувања | 677.960 | 840.654 | **81** | 800.000 | **85** |
| 8. Трошоци за репрез,реклама и пропаганда | 1.851.054 | 3.289.856 | **56** | 1.800.000 | **103** |
| 9. Други адм.трошоци | 111.601 | 107.006 | **104** | 107.000 | **104** |
| 10. Амортизација | 2.403.886 | 2.633.215 | **91** | 2.550.000 | **94** |
| **III. Други трошоци и вонредни расходи** | **746.130** | **942.506** | **79** | **710.000** | **105** |
| 1. Негативни курсни разлики | 1.615 | 10.108 | **16** | 10.000 | **16** |
| 2. Други трошоци | 744.515 | 932.398 | **80** | 700.000 | **106** |
| **IV.Исправка на вредност на побарувања** | **2.244.770** | **305.242** | **735** | **300.000** | **748** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **47.782.713** | **36.387.926** | **133** | **34.421.000** | **139** |
| | | | | | |
| **Приходи** | | | | | |
| 1. Камати по основ на депонирани средства во банки | 2.644.652 | 1.155.857 | **229** | 1.100.000 | **240** |
| 2. Надомест од членарина | 170.000 | 1.070.000 | **16** | 1.680.000 | **10** |
| 3. Надомест од тргување | 63.659.261 | 30.498.257 | **209** | 30.000.000 | **212** |
| 4. Камата од државни и благајнички записи | 1.522.063 | 1.190.294 | **128** | 1.200.000 | **127** |
| 5. Приходи од котирање | 5.700.000 | 6.800.000 | **84** | 6.000.000 | **95** |
| 6.Други приходи | 969.540 | 2.082.497 | **47** | 2.000.000 | **48** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **74.665.516** | **42.796.905** | **174** | **41.980.000** | **178** |
| | | | | | |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **26.882.803** | **6.408.979** | **409** | **7.559.000** | **347** |

| | |
|---|---|
| **Данок** | **4.748.850** |
| **Нето добивка** | **22.133.953** |